**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**ул. “Македонија“ бр.5, 1000 Скопје** | тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel.**02/3218 130** faksi.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. ____________
______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 472-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 11.01.2024 година**

Седницата се одржа на ден 11.01.2024 година со почеток во 10,10 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател;
- **м-р Антоанета Димовска**, член;
- **Лорета Горгиева, член;**
- **м-р Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска,** член и
- **м-р Тања Чачарова-Илиевска**, член.

На седницата е присутна и **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија

Отсутни членови:

- **Кренар Лога**, министер за правда, уредно поканет
- **Мери Радевска,** член на Судски совет на РСМ**,** поради користење на годишен одмор;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Судски совет на РСМ - отсутен;

Присутни од стручната служба:

- **Ален Раденковиќ**, **Александра Шоптрајанова**
- **Емилија Николиќ**, државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на медиуми и друга поширока јавност.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија,седницата ја отвори и со неа раководеше **претседателот на Советот Весна Дамева.**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, го прочита Дневниот ред предложен за денешната 472-та седница на Советот. Истакна дека за денешната седница бил доставен предлог дневен ред со 9 точки, но дека е потребно Дневниот ред за 472-та седница да се дополни со додавање на уште една нова точка „Разгледување и одлучување по барање на судија на Основен граѓански суд Скопје“ која би се разгледала како 4-та точка од Дневниот ред.

**Во таа насока Претседателот на Советот** предложи Дневниот ред за 472-та седница, да се дополни со нова точка – „Разгледување и одлучување по барање на судија на Основен граѓански суд Скопје “, на начин што новопредложената точка – да се разгледа како 4-та точка од дневниот ред, а останатите точки да се поместат за една точка нанапред на начин што 4-та точка да се разгледа како 5-та точка од дневниот ред, а следните точки  да се разгледаат како 6-та, 7-ма, 8-ма, 9-та и 10-та точка од Дневниот ред. Појасни дека дополнувањето на Дневниот ред се бара од причини што по утврдување на истиот дополнително биле доставени материјалите кои се однесуваат на предложената точка за дополнување за која претседателот на Советот истакна дека смета дека е итна за одлучување.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по предложениот Дневен ред за 472-та седница на Советот со денес предложеното дополнување.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **претседателот на Советот Весна Дамева** предложи да се усвои Дневниот ред предложен за 472-та седница на Советот со денешното дополнување.

По гласањето констатира дека, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1**.** Усвојување на: Записник од 463-та седница на Судскиот совет на РСМ од 08.11.2023 година;

2. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;

3. Одлучување по барање за времено упатување на судија за вршење на судиска функција во друг суд;

4.Разгледување и одлучување по барање на судија на Основен граѓански суд Скопје;

5. Разгледување на извештај на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на Виш Управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Крушево, Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга;

6. Разгледување на анализа за потребните судиски места во Управниот суд и основните судови на апелационо подрачје Скопје, апелационо подрачје Гостивар, апелационо подрачје Битола и апелационо подрачје Штип;

7. Разгледување на одлука на Управен суд;

8.Одлучување по известувања за утврдена фактичка состојба;

9. Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и

10. Разно.

По усвојување на Дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе се премине на разгледување и усвојување на 1-та точка од Дневниот ред - „Усвојување на: записник, од 463-та седница, на Судскиот совет на РСМ одржана на 08.11.2023 година.

**Точка 1**

**Усвојување на: Записник од 463-та седница на Судскиот совет на РСМ од 08.11.2023 година;**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека на седницата пристапи **членот на Советот м-р Миљазим Мустафа.**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори дискусија по записникот од 463-та седница на Судскиот совет на РСМ од 08.11.2023 година

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** . Истакна дека лично има забелешки на записникот во делот на изложените претставки, конкретно во делот на нејзиното излагање на претставката УПП.бр.03-118/23 . Дополни дека забелешката се однесува на страна 20, во делот на образложението, каде некои реченици се нејасни и контрадикторни. Истакна дека посебно ќе го цитира7-от, 08-от и 9-от ред од образложението на претставката, броејќи одоздола. Наведе дека има нелогичности во реченицата од кои причини бара за тој дел од изложувањето на претставката да биде преслушан тонскиот запис. Во контекст на истото наведе дека и во продолжението на страна 21 во делот на прашањата кои од страна на **членот наСоветот м-р Ивица Николовски** биле поставени до неа како некој кој ја изложува предметната претставка ... имала одговорено, но смета дека овој одговор кој стои во писмениот запис не ја отсликува правата вистина, односно  одговорот. Од тие причини побара и во овој дел да биде преслушан тонскиот запис и да биде направена корекција согласно со истиот. Дополни дека ова го бара особено од причина што овие записници јавно се објавуваат и се читаат, па на тој начин да се даде можност  на оние кои јавно ја следат работата на Советот при читањето на моите и исказите на моите колеги да имаат вистинска слика за состојбите и за работата на Судскиот совет кое нешто смета дека е многу важно.

Во продолжение **членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека следната забелешка на записникот која ја има се однесува на страна 24, во делот на излагањето на претставката УПП.бр.08-33/23 од страна на **членот на Советот Мирсад Суроји**. Дополни дека во овој дел излагањата на членот на Советот Мирсад Суроји оделе во насока дека се работело за жалбени наводи, а последната реченица била во насока дека претставката УПП.бр.08-33/22 треба да биде повлечена. Смета дека дискусијата која на расправата се развила во врска со наведената претставка не соодветствува со она што е наведено во изготвениот записник. Конкретно дека претставката била повчелена на инсистирање на **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** со нејзино образлоожеие и нејзини лични ставови. Поради изнесеното наведе дека смета дека во записникот треба да стои и да се знае од кои причини со предлог на подносителот претставката се затвора, односно сепак се одлучило поинаку,иако предметната претставка била изложена како неоснована. Смета дека можеби се работи и за техничка грешка при пишувњето од кои причини бара и во овој дел да се изврши проверка со преслушување на тонскиот запис бидејќи тоа е целисходно особено од причини што и колегите кои се директно засегнати ги следат седниците, па да бидат запознаени со целосната содржина на истите. Бара и во овој дел записникот да се повлече и да биде ставена

целокупната дискусија за да може да се долови целокупната фактичка состојба и тоа што било изложено.

**Членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека следната забелешка се однесува на страна 28 од записникот при излагање на претставката УПП.бр.08-220/1 исто така од **членот на Советот Мирсад Суроји**. Истакна дека во овој дел имало реакција дека не се дадени материјали во материјалите за седница и дека неможе да се донесе одлука само врз основа на претставката. Дополни дека доколку се слушне тонскиот запис ќе се види дека на тоа реагирале повеќе членови и стои дека реагирале, но тоа што за неа било меродавно за да претставката биде усвоена како основана, а во материјалите имало само гола претставка, без назнака на име на судија, без назнака на име на предмет а се гласало за основана претставка поради поминати законски рокови за изготвување на одлука на Апелациониот суд Скопје . Во продолжение истакна дека смета и инсистира дека за оваа претставка во записникот треба да стои нејзината дискусија, од кои причини барала оваа претставка да биде повлечена од реферирање бидејќи на самата претставка „„горе“ имало точно име презиме и адреса на подносителот поради што истата требало да биде повлечена и од самиот подносител да биде побарано да ја уреди претставката. Во продолжение истакна дека за неа било истотака нејасно од каде се извадени податоците од системот кога во самата претставка која била на одлучување немало ниту број на предмет, ниту било каков патоказ за да може да се извадат податоци од контролникот во делот на пречекорените рокови. Дополни дека после седницата било прифатено„се разбира во доверба на колегата“ дека има доставено ... „мислам дека беше жалба“, и дека колегата од жалбата ги имал земено податоците за да направи проверка во контролникот за овој премет во делот на роковите. Истакна дека во овој дел наоѓа замерка и дека треба и за овој и за наредните предмети комплетно да бидат ставени материјалите за седница за да може да се одлучува и да се произнесе секој член.

Согласно наведеното истакна дека записникот треба да се повлече и да се доработи согласно со тонскиот запис.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање до **членот на Советот Лорета Горгиева** – „Предлагате да се повлече записникот“?

**Членот на Советот Лорета Горгиева** одговори позитивно дополнувајќи дека тоа го бара бидејќи наводите во записникот треба да соодветствуваат со тонскиот запис.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во продолжение констатира дека се работи за записникот од 08.11.2023 година и дека **членот на Советот Лорета Горгиева** дала општи забелешки. Во продлжение истакна дека ќе ги замоли сите членови на Советот во иднина кога даваат забелешки да бидат концизни и кратки,....„дословно да се отстрани овој дел, да се додаде ова"..., а сето тоа во интерес на формулирање на забелешките. Истакна дека апсолутно е прифатливо изнесеното од **членот на Советот Лорета Горгиеба** дополнувајќи дека и самата имала дилема кога го читала овој записник бидејќи констатирала дека овен она што е наведено од **членот на Советот Лорета Горгиева** во записникот има и многу други посуштински работи поради кои записникот не смеел да биде вака изготвен и доставен до Генералниот секретар. Дополни дека на Генералниот секретар на ова му укажала и во текот на вчерашниот ден, а сега ќе го наведе кратко. Во таа насока **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декана страна 8, на страна 9 и понатаму каде што има произнесување на членови на Судскиот совет по однос на извршен избор на претседател на суд речиси идентичностои дека – „претседателот им даде збор на членовите на Советот да се произнесат секој поединечно и секој даде образложение за одлуката".... и тука е прекинато и нема образложение. Поради наведеното упати укажување до Генералниот секретар записниците внимателно да се читаат пред да бидат дадени на Претседателот на Советот за седница. Дополни дека е недозволиво, особено кога заложбите на Советот се за транспарентност и за образложување на одлуките да помине ваков записник. Поради наведените причини и по сослушување на **членот на Советот Лорета Горгиева** која побарала повлекување на записникот истакна дека во овој момент и самата смета дека записникот треба да се повлече иако е од подамна и иако првично сметала дека со дадените забелешки треба да помине, но сепак треба да се повлече и да се доработи. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакнадека забелешките кои ги дава се од суштинско значење и смета дека дискусиите треба да бидат дословно ставени дотолку повеќе што смета дека јавноста има право да знае зошто е избран одреден судија или пртетседател или зошто не е избран. Дополни дека тоа е првatазабелешка на записникот, а како втора забелешка истакна дека бидејќи неколку пати на работен состанок било разговарано околу гласањето, односно дали листинзите да бидат составен дел од записникот, предложи бидејќи е почеток на годината и прва седница во новата годинаод овој записник да се почне и да се допише дека составен дел на записникот е листингот од гласање и сите листинзи и за овој записник и за наредните да бидат во прилог на записниците. Тоа од причини што е заземен став дека во записниците неможе да се допишуваат членовите со име и презиме, па поради тоа да бидат внесени на овој начин. Воедно, **Претседателот на Советот Весна Дамева** укажа, наведувајќи

дека тоа го кажала и на Генералниот секретар сите записници да бидат ставани на  усвојување на наредна, евентуално на понаредна седница од причини што од една страна кај сите членови избледува сеќавањето за она што се случувало, а од друга страна недозволиво е после месец дена да се усвојуваат записници. Побара ова да се регурила најдоцна овој месец со цел членовите на Советот на секоја наредна седница да го усвојуваат претходниот записник.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** предлогот за повлекување на записникот од 463-та седница на Советот од 08.11.2023 година  го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и 1 глас „Против“ записникот од 463-та седница на Советот од 08.11.2023 година е повлечен на доработка.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред – „Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија“.

**Точка 2**

**Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**

По 2-та точка од Дневниот ред П**ретседателот на СоветотВесна Дамева** наведе дека **с**огласно евиденцијата со која располага Судскиот совет утврдено е дека судијата Снежана Георгиевска Зекирија, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден на 06.01.2024 година наполниле 64 години поради што се исполнети условите за престанок на судиската функцијазаради исполнување на услови за старосна пензија  Согласно изложеното **Претседателот на Советот Весна Дамева**  констатира .дека се исполнети законските услови за престанок на судиската функција на Снежана Георгиевска Зекирија, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија поради исполнување на услови за старосна пензија и дека е  донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Снежана Георгиевска Зекирија, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонијана 11.01.2024 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Претседателот на СоветотВесна Дамева** истакна дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред – „Одлучување по барање на судија за времено упатување за вршење на судиската функција во друг суд“.

**Точка 3**

**Одлучување по барање на судија за времено упатување за вршење на судиската функција во друг суд**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во врска со оваа точка од Дневниот ред збор даде на известителот, **членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска.**

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека до Судскиот совет на РСМ во текот на месец декември 2023 година е пристигната изјава-согласност од Теодора Ефтимовска Бојковска, судија на Основен суд Гостивар која временое упатена на извршување на судиската функција во Оновен суд Тетово. Дополни дека со изјавата судијата известува дека со решение на Судскиот совет на РСМ бр.02-248/1 од 27.01.2023 година времено е упатена да ја извршува судиската функција во Основен суд Тетово за период од 12 месеци кој период согласно решението истекува заклучно со 01.02.2024 година. Наведе дека имајќи ја во предвид состојбата во овој суд судијата во својата изјава дава согласност да биде повторно времено упатенада ја извршува судиската функција во Основен суд Тетово, со предлог тоа да биде за уште една година, со оглед да во овој суд е навистина отежната работата поради малиот број на судии, скоро 10 судии помалку од систематизацијата и одлуката на Судскиот совет на РСМ за бројот на судиски места. Имајќи го во предвид наведеното **членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска истакна дека** точката е ставена на дневен ред со цел да се одлучи по изјавата и потребата во судот. Дополни дека во меѓувреме, односно денес се доставени и копии од информацијата која во текот на вчерашниот ден била пристигната од претседателот на Основен суд Тетово за бројот на судиските места кои се предвидени и за пополнетоста на судиските места, како и тоа дека информацијата во целост одговара и на анализата за потребните судоски места која што Судскиот совет ја има усвоено на една од минатите седници. Согласно наведените причини **членот на Советот м-р Тања Чачарова-**

**Илиевска** предложи на денешната седница да се донесе одлука за повторно времено упатување на Теодора Ефтомовска Бојковска, судија на Основен суд Гостивар уште 12 месеци да продолжи да ја извршува судиската функција во Основен суд Тетово почнувајќи од 02.02.2024 година.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** пред даотвори расправа по оваа точка од дневниот ред од членот на Советот кој што е координатор за следење на работата на Основен суд Гостивар од каде доаѓа судијата Теодора Ефтимовска Бојковскапобарада се произнесе дали е контактирано со претседателот на Основен суд Гостивар по однос на потребата.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** - координатор за следење на работата на Основен суд Гостивар истакна дека е разговарано со претседателот и дека смета дека временото упатување е во ред.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

За збор се јави **членот на Советот Сашко Георгиев**. Истакна дека е реална потребата за Основен суд Тетово, истовремено поставувајќи и прашање: „Дали датумот на упатување кој што е предложен, 02.02.20224 година е во ред, со оглед да во доставените материјали кои му се дадени во прилог стоел датум 27.01.2024 година"?.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** во одговор истакна дека се гледа од решението на Судскиот совет на РСМ

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека ворешението на Судскиот совет на РСМ, бр.02-248/1 од 27.01.2023 година стоело дека е од 27.01.2023 година , па прашањето е – „Дали тогаш е донесена одлуката или од тогаш важи упатувањето, за да се знае од кога да се продолжи"?

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** во одговор појасни дека решението е донесено на 25.01.2023 година, меѓутоа судијата времено е упатена на вршење на судиската функција во Основен суд Тетово сметано од 01.02.2023 година, за период од 1 година. Поради наведените околности рокот за упатувањеистекуваzаклучно со 01.02.2024 година.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** резимираше дека предлогот е од 02.02.2024 година.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** на гласање го стави предлгот за времено упатување на Теодора Ефтимовска Бојковска,

судија на Основен суд Гостивар во Основен суд Тетово сметано од 02.02.2024 година за период од 1 година од денот на упатувањето.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За„ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

Теодора Ефтимовска Бојковска, судија на Основен суд Гостивар времено се упатува на извршување на судиската функција во Основен суд Тетово, сметано од 02.02.2024 година, за период од 1 година од денот на упатувањето.

За времeното упатување на судијата да се известат претседателот на Основен суд Гостивар и претседателот на Основен суд Тетово.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување на 4-та точка од Дневниот ред –**„**Разгледување и одлучување по барање од судија на Основен граѓански суд Скопје“.

**Точка 4**

**Разгледување и одлучување по барање од судија на Основен граѓански суд Скопје**

По однос на 4-та точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева ги** информираше членовите на Советот дека станува збор за поднесено барање за мирување на судиската функција од страна на судијата Софија Спасова Медарска од Основен граѓански суд Скопје. Истакна дека во барањето е наведено дека судијата бара мирување на судисјата функција цитирајќи ги законските одредби по кои бара мирување. Наведе дека нема сега да ги цитира законските одредби бидејќи ги има во материјалите, со дополнение дека мирувањето се бара бидејки судијата е избрана за друга функција, односно за член на Државната комисија за спречување на корупцијата. Дополни дека во материјалите на запознавање на Судскиот совет на РСМ го има и дописот од претседателот на Основниот граѓански суд Скопје, со известување дека судијата е избрана за член на Државната комисија за спречување на корупцијата по донесена одлука на Собранието на РСМ, бр. 08-6670/1 од 23.12.2023 година и доставена одлуката за избор на член на Државната комисија за спречување на корупцијата која што е објавена во Службен весник која е доставена во прилог.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвари дискусија по 4-та точка од Дневниот ред.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека пријавата којабила доставенана компјутерите во канцелариите,ја читала но овде ја немало во материјалите како би можело да се коментира.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** одговори дека материјалите ги има под точката Разно и дека за тоа имало известување од вчера во групата.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** истакна дека читајќи го барањето за мирување на судиската функција од судијата и се наметнува дилема за правото да се определи мирување на судиската функција на судијата додека ја извршува функцијата член на Државната комисија за спречување на корупцијата. Дополни дека имајќи ги предвид одредбите од Законот за судовите, односно членот 53 како „lex spicijalis“, кој вели: ако судијата е именуван или избран за член на Судскиот совет на РСМ, судија на меѓународен суд, судија на Уставен суд, јавен обвинител на РСМ, директор или заменик директор на АСЈО, судиската функција му мирува за времето додека ја врши должноста закоја е именуван, односно избран. Во ставот 2 е определено дека „по истекот на мандатот за кој е избран судијата има право да се врати во судот од кој заминал во вршење на друга должност“. Истакна дека ова значи дека во чл.53 од Законот за судоивите се наведени функциите кои може да ги извршува судијата и за време на нивното извршување да му мирува судиската функција, но дека не е споменато дека на судијата избран за член на Државната комисија за спречување на корупцијата миоже да му мирува судиската функција. Во продолжение истакна дека во членот 59 од Законот за Судскиот совет е наведено дека „Советот со решение ќе утврди престанок на судиска функција на судија кога е избран или именуван на друга јавна функција, освен во случај кога со закон е предвидено мирување на судиската функција со денот на изборот, односно именувањето“. Во таа насока истакна дека колешката-судијата во барањето се повикувала на Законот за работните односи, додека Законот за судовите во случајот давал поинакво решение. Наведе дека ваквата состојба и отвора дилема од кои причини повика на размислување.

За збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска**. Истакна дека го дели мислењето на членот на **Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** од причини што согласно членот 52 ст.1 од Законот за судиовите „судиската функција е неспоива со функцијата пратеник, односно член на совет или градоначалник на Град Скопје и со функциите во државните органи и во органите на Град Скопје, освен во случаите утврдени

со закон“.  Дополни дека случаите предвидени со закон се дадени во членот 53 и затоа кај неа нема дилема дека во овој случај неможе да има мирување на судиската функција. Смета дека повикувањето на Законот за работните односи неможе да се прифати од причини што има „lex specijalis“, а тоа е Законот за судовите кој се однесува на работните обврски на судиите. Од овие причини истакна дека смета дека во овој случај неможе да мирува судиската функција.

За збор се јави **претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми**. Истакна дека би сакала да го потсети Судскиот совет на РСМ за одлуката која ја донел пред 2 години, за судијата наВрховниот суд на Република Северна Македонија,Емилија Илиевска. Наведе дека и во таа одлука се констатирало мирување на судиската функција поради тоа што сопругот на судијата е судија во судот во Стразбур. Дополни дека во суштина можеби не станува збор за ист случај, сепак укажувајќи дека во тој случај Судскиот совет таму имал констатирано мирување на судиската функција, но постапувал по одлука на Уставниот суд, односно се работело за задолжение да се постапи, но сепак имало таква пракса. Од наведените причини **претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми**побара Советот да одлучи дали и ова ќе биде релевантно при одлучувањето бидејќи се создава дилема. Дополнувајќи дека фактички Судскиот совет кога постапил, постапил по одлука на Уставниот суд, но констатирал мирување.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека апсолутно го дели мислењето со претсеателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Дополни дека навистина одредбите се тие, но во моментот токму за случајот на кој сега укажува претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија лично дискутирала дека точно во Законот за Судскиот совет се наброени условите во кои случаи престанува и кога мирува судиската функција. Дополни дека надвор од тоа што е кажано и во Законот за Судски совет и во Законот за судовите, овој Судски совет односно мнозинството сметало дека колешката од Врховниот суд на Република Северна Македонија има право врз основа на одредби од Законот за работните односи, а не врз основа на правата што и ги дава „lex specijalos“да и мирува судиската функција за време додека трае мандатот на нејзиниот сопруг - извршување на функција надвор од државата, за време од 4 години што не е малку. Во продолжение истакна дека с есеќава дека имало обемна дискусија, при што мнозинството изгласало дека е во ред, на конкретната колешка да и мирува судиската функција иако и претходно некој друг состав на Судскиот совет, ...„независно ние ротираме како ни истекува мендастот“.... утврдил дека неможе да се употребуваат одредбите од ЗРО во услови кога имаме „lex specijalis“ кој точно предвидува

услови и постапка кога функцијата судија мирува, а кога престанува. Во продолжение ч**ленот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека аналогно на тоа што сега го дискутира бидејќи Советот веќе еднаш донел ваква одлука, неодамна, смета дека во текот на претходните месеци прифатил исто така барање на колешка на граѓански суд, како пракса на веќе донесена одлука , дополнувајќи дека не се сеќава на името на колешката. Истакна дека на оваа колешка исто сопругот и извршувал функција надвор од државата, па за да не бидат нарушени социјалните права на судијата како сопруга и како фамилија овој Судски совет заземал став бидејќи претходно веќе било допуштено и е одлучено во ист правец, дека по истата одредба ќе и биде удоволено и на оваа колешка. Во продолжение истакна дека и во овој случај повторно останала на истиот став,.....„мислам дека и колешката м-р **Тања Чачарова Илиевска** ако добро се сеќавам беше на истиот став“..., а сите други членови на Советот го поддржале предлогот и на оваа колешка од Основен граѓански суд да и биде уважено правото да и мирува судиската функција се додека нејзиниот сопруг извршува функција надвор од државата. Аналогно на ова истакна дека според нејзиното мислење барањето на Софија Спасова Медарска е основано и несмеечленовите на Советот да бидат селективни, дека судијата неспорно ќе извршува функција во Дравната комисија за спречување на корупција во кое време неможе да ја извршува судиската функција. Од наведеното истакна дека за неа ако нешто многу повеќе е основано, основано е барањето на колешката Софија Спасова Медарска, отколку да мурува судиската функција за да бидеш само дел од социјалниот живот на едно семејство. Дополни дека со секоја чест и почит но во овој случај смета дека многу повеќе, кога веќе ваква пракса востановил Судскиот совет, треба да биде прифатено барањето на Софија Спасова Медарска дополнувајќи дека ќе гласам за барањето да и мирува функцијата судија на Основен граѓански суд се додека не и заврши мандатот како член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека законодавецот доволно и јасно посветил внимание на прашањата кога на еден граѓанин со статус на судија му престанува или му мирува судиската функција. Дополни дека доколку доследно се почитува законот, а тоа е обврска на членовите на Советот, прашањето е јасно решено. Во продолжение истакна дека од претходните колеги било посочено, конкретно од колешката Тања Чачарова Илиевска во кои случаи мирува судиската функција при што во таксативно наброените случаи нигде не бил опфатен овој случај. Во таа насока истакна дека би се надоврзал конкретно на членот кој го решава директно и многу јасно прашањето, наведувајќи дека тоа е членот 52, дополнувајќи дека членовите 53 и 59 опишуваат други ситуации, а членот 52 вели дека судиската функција е неспоива

меѓудругото со функции во државните органи. Во таа насока постави прашање до останатите членови на Советот: „ Дали Државната комисија за спречување на корупцијата е државен орган, ако не е државен орган дајте ми одговор што е “ ? За претходните два случаи наведе дека се индиректни случаи кога на еден судија му мирува функцијата од социјален карактер, но тие судии за кои билодонесено решение за мирување на судиската функција, тие не се вршители на друга функција, туку од социјален аспект биле придружници на семејството или на членот на семејството кој обавува функција, додека во конкретниот случај станува збор за вршител на функција – член на Државна комисија за спречување на корупцијата. Во продолжение ч**ленот на Советот м-р Ивица Николовски**истакна дека Државната комисија за спречување на корупцијата е државен орган од кои причини сака некој да го убеди во што не е јасна оваа одредба или зошто не се сака да се применува така како што е напишана и така како што се очекува. Повторно нагласи дека претходните примери неможат да се поистоветат со овој случај, алудирајќи на размислување ако Советот сега ова го дозволи тогаш да дозволи на претојните избори судиите да бидат и кандидати за избор на пратеници. Во продолжение истакна дека на избраната и почитувана колешка од негова страна и посакува успешна работа во новоизбраниот орган, но Законот не дозволува и е многу јасен, судиската функција е неспоива со функциите децидно наведени .

**Членот на Советот Лорета Горгиева** во реплика истакна дека апсолутно не се согласува и дека не е соодветен примерот дека судија може да обавува, односно да биде пратеник па пак да биде судија од причини што Државната комисија за спречување на корупцијата не е политичко тело, а пратениците доаѓаат од политичките партии поради што смета дека не е соодветна споредбата во тој правец. Во делот дека е полесна одлуката или со помалку штетни последици да на колешките им мирува функцијата и 4 години држат заробено место во судовите од кај што доаѓаат, за кое време доколку им престане работниот однос некој друг ќе биде избран на нивното место и ќе даде допринос во судот од кај што доаѓа. смета дека многу потешка ситуација, од опишаната е кога некој од колегите ел избран на друга и извршува друга функција.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** во реплика истакна дека колешката не го убедила со коментарот кој го дала, но дека тој ќе ја убеди со својот коментар, односно само со читање на одредбата која е многу јасна – член 52 ст.1 од Законот за судовите која во продолжение ја цитира „ судиската функција е неспоива со функцијата пратеник односно со член на Совето во општина, градот Скопје и со функциите во државни органи, освен во случаи предвидени со закон“. Истакна дека зборовите „освен во случаи предвидени со закон“ него го асоцираат на примена на останатите одредби

кои укажуваат во кои случаеви судиската функција мирува . Во таа насока постави прашање до членовите на Советот: „Во кои одредби овој случај е предвиден дека судиската функција мирува“? Дополнувајќи дека тоа не е сторено ниту во член 53, ниту во член 59. Поради наведените причини истакна дека останува на ставот дека ова прањање во Законот е доволно јасно и прецизно третирано и за него нема дилема.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека едно е кога се чита Законот, меѓутоа кога се применува треба неселективно за сите бидејќи Советот веќе има пракса кога даде шанса на примената на Законот за работните односи пред Законот за судовите како „lex specijalis“ од кои причини смета дека праксата неможе да се крши.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека законот како што се чита на сите треба да им биде јасен, тој предвидува кога треба да му мирува судиската функција на судија. По однос на претходната одлука наведе дека и претходниот пат Советот бил едногласен за слична ситуација кога истотака се зборувало за мирување на судиската функција. Дополни дека и тогаш кажал дека на судија неможе да му мирува судиската функција а при тоа да се повикува на Закноот за работните односи од причини што секоја институција може да прими вработен за определено време, додека судија за определено време нема. Поради наведените причини истакна дедека законот е многу јасен и кажува кога мирува функцијата, но дека има некои работи кои независно од убедувањата на секој од членовите треба да се почитуваат. Во продолжение истакна дека има одлука на Уставен суд која не се коментира, правосилна е и треба да се почитува, со која е дадено право на мирување на функцијата на судија независно од то што не е определено со закон. Смета дека во конкретниот случај не се работи за иста, но се работи за слична ситуација, дополнувајќи дека според негово мислење, ако тој се прашува смета дека на судија неможе да му мирува судиската функција, но кога како пракса се има одлуката на Уставниот суд која според него неможе да се коментира бидејќи е конечна, смета дека и во оваа ситуација треба да и се даде мирување на судиската функција врз основа на барањето на судијата бидејќи судијата се повикувала на истите одредби од Законот за работните односи како што се повикувала и другата судија. Истакна дека истотака го дели и мислењето на членовите на Советот Ивица Николовски и Тања Чачарова Илиевска, дополнувајќи дека Советот за многу свои одлуки мисли дека е во право, но сепак треба да се почитуваат повисоките одлуки.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека овде исто е само барањето за мирување на мандат, но дека основот е сосема различен и тоа не треба да се заборави. Дополни дека е донесена одлука

на Уставен суд која се темели на одредбата од член 40 од Уставот на РСМ во која се вели – „Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството„, Во контекст на цитираната одредба од Уставот дополни дека кога Уставниот суд ја носел одлуката нво предметот на колешката Емилија Илиевска ја носел на сосема друга основа затоа што и судијата е човек и судијата има семејство и неговите основни човекови права се заштитуваат. Во продолжение истакна дека овде се работи за сосема различен случај , односно дека овде се работи за избор на судија на функција во државен орган која е неспоива со вршење на судиската функција , дополнувајќи дека тоа кое го третирал Уставниот суд во претходниот случај е како правна празнина во самиот закон за судовите, додека во овој случај нема правна празнина , туку јасна и децидна одредба. Во продолжение истакна дека ниту сака да дискриминира некого, ниту пак сака да постапува различно во два исти случаи и дека тоа никогаш не би си го дозволила како судија, но за колешката Жеваировска гласалада и мирува судиската функција токму од причини што на колешката Емилија Илиевска и мирувала функцијатта врз основа на одлуката на Уставниот суд, а нејзиниот случај бил идентичен, но не упатувањето не било за судијата, туку упатен бил нејзиниот сопруг. Од овие причини смета дека секое поинакво толкување би било спротивно и на Уставот и на Законот од кои причини наведе дека ќе гласа на судијата подносител на барањето да и престане судиската функција, а не да и мирува од причини што тоа го бара Законот.

**Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми** истаскна дека не би сакала никому да реплицира но дека ќе се наврати на законската одредба од членот 52 од Законот за судовите, поточно ставот 1 според кој „судиската функција е неспоива со функцијата пратеник член....итн“, Во продолжение истакна дека овој став како судија го разбира дека вршејќи ја судиската функија како активен судија, иако законот не познава активен и пасивен судија неможеш да вршиш и друга функија бидехќи е неспоива со политиката и ....итн., но на судијата ако и мирува и мирува судската функција. Дополни дека лично смета дека неможе Советот да се повика на член 52 бидејќи овој член се однесува на активен судија...„еве јас сум судија сега и не би можела покрај судиската функција како судија на Врховен суд на република Северна Македонија да вршам и друга функција,а во овој случај кога функцијата мирува таа веќе не е судија бидејќи и мирува судиската функција како што им мирува и на членовите на Судскиот совет -,Истакна дека нејзиното толкување и нејзиното разбирање е такво.

Во продолжение **Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми**истакна дека членот 59 од Закноот за судовите во кој е предвидено дека судиите ги уживаат сите права од

работен однос што им припаѓаат според закон, упатува на Законот за работните односи. Законодавецот во членот 53 предвидел во кои ситузции има мирување на судиската функција, но според праксата не би можела да кажае за двата случаи за кои Судскиот совет донел и констатирал мирување на судиската дункција, дека е друг основ. Основот е мирување на судиската функција и членот 59 е многу јасен „судиите ги уживаат сите права од работен однос што им припаѓаат според закон“. Во таа насока **Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми**даде аналогија со судската ферија наведувајќи дека во законот пишува дека судската ферија трае од 15 јули до 15 август, неможе судијата да користи стар, нов одмор, па сепак се применуваат одредбите од Законот за работните односи и се користат делови од стар одмор и во текот наг годината накој како му одговара. Поради наведеното истакна дека смета дека Судскиот совет треба да биде доследен во примена на праксата која веќе е создадена и која е правилна спред неа, дополнувајќи дека нејзиното разбирање е такво и по членот 52 и по членот 59.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** истакна дека се согласува со ставот на колешката Антоанета Димовска и дека овде има два различни случаи од оние кои претходно ги посочила колешката Лорета Горгиева и колегата Селим Адеми. Дополни дека во овој слуај таксативно се наброени случаите кога може даму мирува судиската функција на судијата, како и тоа дека е точно и тоа што го кажала претседателката на Врховниот суд кога се повикала на членот 59, дека судиите ги уживаат сите права од работен однос што им припаѓаат според закон. Во продолжение истакна дека во конкретниот случај кога има „lex specijalis“, Законот за Судскиот совет во одредбата од член 59 насочува во кој случај може да се предвиди мирување, а тоа е кога е предвидено со закон, во случајов со членот 53 од Законот за судови каде таксативно се наброени случаите кога може да мирува судиската функција. Во таа насока дополни дека Советот не може во случај кога има„lex specijalis“ да се повика на „lex generalis“, односно на Законот за работни односи. Од наведените причини смета дека во овој случај е јасно каква одлука треба да донесе Судскиот совет ... „На почетокот реков ми создава дилема, сакав да видам како размислуваат другите колеги, меѓутоа немам причина да се двоумам како да гласам во конкретниот случај при вакви одредби од Закон за судови и Закон за Судски совет“.....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека оваа седница толерира, но од наредната ќе се почитува Деловникот за работа....дискусија...реплика.....

**Члемот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека неможе да не се јави за збор кога лично чуствува дека споменатите одлуки донесени од страна на Уставниот суд, во Советот погрешно се толкуваат и дека навистина неможат да се поистоветат со овој случај. Побара да се обрне внимание дека овде станува збор за судија кој е избран на друга функција која законот ја третира како неспоива.  Дополни дека двете одлуки донесени од Уставниот суд се одлули од социјален, социолошки, семеен аспект во услови кога Судскиот совет му определеил мирување на судијата за да од семејни или други причини се посвети на тие потреби. Тој судија на кој Судскиот совет претходно му определил мирување не е избран на друга функција која е неспоива со судиската функција, туку тој во конкретниот случај го поддржувал семејството, за потребите на семејството. Нема случај дека тој судија е избран пример за амбасадор, нема дека тој судија, вршител на судиска должност е избран во некој друг орган, туку тој судја си останал судија, а Законот за работните односи во такви случаеви од социјален аспект дозволува за потребите на семејството да мирува функцијата. Во овој случај истакна дека има едно исто лице судија, кој е избран за член на Државна комисија поради што неможе да сепоистоети. Дополни дека нема одлука на Уставен суд за ваков случај а од друга страна во Законот точно има наведено во кои случаи судиската функција мирува.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека барањето е исто да мирува функцијата, но причините се различни и тука нема дилема. Повикувањето на Законот за работните односи произлегува од самиот закон, но за права кои не се регулирани стриктно со „lex specijalis". Ова од причини бидејќи има права кои се стриктно регурирани со „lex specijalis". За другите наведе дкеа ќе се примени Законот за работни односи и директно Уставот. Во продолжение истакна дека Уставниот суд токму од тие причини, поради погрешната одлука на Судскиот совет за која исто смета дека била погрешна, со која било одбиоено барањето на судијата Емилија Илиевска затоа што таа го штитела своето право на семеен живот кое директно произлегува од Уставот и кое е преточено во Законот за работните односи, а на кој пак упатува Законот за судиовите во случаите кои не ги регулира стриктно, овде овде има стриктно регулирање кога може да мирува судиската функција, а тоа е кога дотичниот судија е избран на државна функција. Од наведените причини истакна дека секое друго правање аналогија ќе биде изигрување на одлуката на Уставниот суд, кој точно кажал .... „за определена ситуација ова важи" со која одлука се согласува. Во продолжение ч**ленот на Советот м-р Антоанета Димовска**истакна дека уште како судија кога ја слушнала одлуката на Судскиот совет дека е одбиено барањето на судијата Емилија Илиевска не се согласувала со таквата одлука и сметала дека Уставниот суд тоа го исправил и на Советот му дал патоказ како да постапува, ама не за да се

повикува сега,од сега па во иднина за сите случаи на таа одлука. По однос на одлуката за колешката Жеваировска истакна дека е одлучено по истиот основ и добро е што и мирува судиската функција, Советот не погрешил во тој случај, ама во овој случај ако се донесе одлука за мирување на функцијата смета дека директно ќе се прекрши законот. Од тие причини истакна дека ќе гласа против мирување.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** побара со дускусиите да не сеубедува, туку концизно да се каже ставот, со цел да има можност секој член да го каже своето мислење ида се прознесе.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека ќе нагласи дека и е драго кога таксативно се читаат одредбите од Законот, меѓутоа уште подраго ќе и биде и ако се применуваат неселективно**.**

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека сака да го изрази и самата својот став, не како претседател, туку како член на Советот бидејќи има право на расправа. Истакна дека смета дека во конкретниот случај и покрајволјата на сите да се задржи уште еден судија, а со оглед на малиот број на судии сепак законот е тој што врзува. Од тие причини истакна дека нема долеми дека во овој случај мирување на судиска функција законот не дозволува, односно тоа не го дозволува членот 53 ст.1 кој е дециден и нема простор за поинакво размислување. Дополни дека и покрај овој став, читањето на одлуката на Уставниот суд и анализирањето на другите законски одредби, децидна е во ставот дека нема простор за аналогија и дека во конкретниот случај неможе да се примени праксата која ја има Судскиот совет по однос на мирувањето на судиската функција на судијата Емилија Илиевска. Ова од причини што Уставниот суд применувајќи го директно Уставот констатирал дека доколку не и се дозволи мирување ќе се наруши нејзиниот семеен живот. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека и доколку овој случај се смета како пракса неможе да се примени во конкретниот случај бидејќи во овој случај мирувањето е лично за судијата, а во тој случај мирувањето е по однос на следење на брачен другар при извршување на државнички функции, односно амбасадор. Поради наведеното уште еднаш истакна дека нема дилема бидејќи за било која друга одлука да гласа директно ќе го прекрши членот 53 каде е децидно наведено кога мирува судиската функција и кој се однесува лично на судијата, односно на изборот на судијата, а не на брачниот другар

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека секој има право на свое мислење но повикувањето на пракса во

различни случаи предизвикува членовите помеѓу себе, независно од јавноста,пред себе да не се совесни**.** Смета дека неможе да се извртуваат работите кога состојбата не е воопшто идентична бидејќи тука се работи за избор на судија, а во тие случаи се работело за избор на сопруг на судијата и по таа аналогија повредени семејни и социјални права. Дополни дека во Законот за Судски совет децидно е регулирано кога може да има мирување ако судијата е избрана на кои места, а по однос на следењето, односно пратењето на брачен другар нема регулирано. Од тие причини во тој случај би можело по аналогија како што е сторено во тие случаи да се применува ЗРО.. Дополни дека и кај неа се поставувало прашањето: „Дали може мирување, доколку судијатабила амбасадор"?, меѓутоа и доколку судијата била назначена за амбасадор и во тој случај смета дека нема да може да има мирување на функцијата, а ако сопругот е амбасадор може бидејќи тоа го дозволува Уставниот суд со својата одлука. Од тие причини смета дека случаите воопшто не се идентични и добро е анализирана состојбата, но сепак секој си знае на што го темели мислењето, бидејќи сите членови се правници и различно размислуваат и неможе да се спречи било чие различно размислување или пак да се влијае. Но може да има влијание бидејќи сите членови дискутираат, за Судскиот совет да ја донесе најправилната одлука. Кога има децидна законска одредба да не се доведеме во ситуација праксата да ни диктира.

Откако констатира дека никој од челновите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе се премине на гласање. Укажа дека најнапред, бидејќи точката е така поставена, на гласање ќе оди мирувањето на судиската функција на Софија Спасова Медарска, судија на Основен граѓански суд Скопје.

Во таа насока на гласање го стави предлогот кој е за усвојување на барањето за мирување на судиската функција на Софија Спасова Медарска, судија на Основен граѓански суд Скопје.

По гласањето **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека со 3 гласа „За" и 8 гласа „Против" не е усвоено барањето за мирување на судиската функција поднесено од Софија Спасова Медарска, судија на Основен граѓански суд Скопје.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** на гласање го стави предлогот за престанок на судиската функција наСофија Спасова Медарска, судија на Основен граѓански суд Скопје.Истакна дека овој предлог може да произлезе и од неа бидејќи неможе да се констатира, поради различните дискусии кои беа изнесени на седницата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** на гласање го стави предлогот да се констатира престанок на судиската функција на Софија Спасова Медарска, судија на Основен граѓански суд Скопје.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека веќе е гласано за предлогот за мирување на судиската функција, па бидејќи овој предлог не поминал безпредметно е да се гласа за предлог со кој ќе се констатира престанок на судиската функција.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека размислува дека бидејќи е донесена одлука по однос на барањето на судијата за мирување на судиската функција, да не се брза со донесување на одлуката запрестанок на судиската функција од причини што судијата можеби ќе се повлече .Истакна дека смета дека треба да се почека судијата да ја прими одлуката и да истече рокот со цел Советот да не се доведе во ситуација кога барањето за мирување не и е усвоено, автоматски да и се прекине и судиската функција. Дополни дека смета дека би било разумно да се остави простор бидејќи судија можеби ќе се предомисли и можеби ќе се повлече од функцијата член на Државната комисија за спречување на корупцијата .

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** истакна дека се согласува со ставот нач**ленот на Советот Сашко Георгиев**дека сега не треба да се донесе решение за престанок на судиската функција согласно чл.59 од Законот за Судскиот совет. Ова од причини што во став 2 од овој член од Законот за Судскиот совет е наведено дека „органот кој го избрал или именувал судијата на друга функција, која е јавна е должен на Советот веднаш да му го достави актот за именување, односно избор“. Во таа насока дополни дека Советот нема примено решение од Државната комисија за спречување на корупцијата и затоа не треба да се брза со донесување на решение за престанок дотолку повеќе што може да има и поинакво размислување и од страна на судијата .

**Претседателот на Советот Весна Дамева**истакна дека сака да се произнесе зошто овој предлог го ставила на гласање дополнувајќи дека можеби претходно требало Советот да расправа и дека нема дилеми дека мора да се гласа бидејќи ситуацијата е различна од престанок на судиската функција поради пензионирање. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева**појасни дека предлогот за престанок на судиската функција го ставила на гласање од причини што одлуката за избор на членови на ДКСК е донесена на 22.12.2023 година, а во Службен весник е објавена на 26.12.2023 година при што во истата е наведено дека одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник. Наведе дека тоа значи дека влегува во сила со денот на

донесување, а денот на донесување на одлуката е 22.12.2023година . Од наведените причини смета дека доколку Советот чека дали судијата ќе се повлече,...„дали ќе имаме дилеми дека на 08-ми треба да и престане судиската функција откако ќе почне да ја врши другата функција, ако изборот, односно одлуката влегува во сила со денот на донесувањето. По однос на оваа состојба **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека би го изразила својот став ....„дека тогаш треба и да престане“..... Според нејзиното мислење ова би значело дека Советот веќе доцни и дека би можело да настанат штетни последици во смисла доколку нејзиното мислење е идентично мислење на останатите членови. Во продолжение истакна дека ќе го потисне нејзиното мислење од причини што сака да ги сослуша сите, односно да го слушне мислењето и на останатите членови на Советот, а со цел да не се погреши. .....„Дали од 08.02,. 2024 година, дали од 22.12.2023 година, дали од објавување“...... дополнувајќи дека лично читајќи ја одлуката за изборот која што е објавена, а која е пропуштено да се достави до Советот кое нешто е пропуст на Собранието на РСМ, ......„одлуката веќе е објавена и за нас таа е активна одлука“......

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** истакна....„да но законот вели да се достави формално“....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа со цел да се донесе заеднички заклучок.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека смета дека денес на дневен ред Советот одлучува по барање на судијата да и се допушти да и мирува судиската функција за време додека ја извршува функција член на ДКСК и дека денес врз основа на спроведеното гласање Судскиот совет не дал дозвола за мирување на функцијата. Од тие причини смета дека Судскиот совет има обврска да донесе решение дека барањето за мирување на судиската функција не е уважено и да и го достави на судијата. Од друга страна укажа дека има процедура врз основа на која Советот ќе пристапи кон утврдување престанок на судиската функција на одреден судија. Во таа насока дополни дека апсолутно се согласува со кажаното од **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска**бидејќи Советот нема формално известување . Самиот чин што одлуката е објавена во Службен весник смета дека не го обврзува Советот по автоматизам веднаш дапристапи кон утврдување престанок. Смета дека во овој случај има друга ситуација, односно има барање од судијата замирување кое Советот денес не го прифатил. Поради наведените причини истакна дека смета дека на денешната седница после гласањето за мирување на судиската функција кое Советот не го прифатил веднаш да

се стави на гласање констатирање на престанок на судиската функција е „non sens“.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е во ред да се разговара и размислува затоа и отворила расправа по однос на ова прашање, но побара да се има предвид и околноста дека тече работен однос. Во таа насока истакна .... „што ако Советот утврди престанок на 20 февруари, а требало на 22.12.2023 година да се прекине“......., дополнувајќи дека треба да се мисли и на тие штетни последици. Во таа насока истакна дека од овие причини е отворено по однос на оваа точка да се расправа колку ќе биде потребно, со цел да се донесе правилна и законита одлука.

.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека и за неа во овој момент се отвораат истите прашања, дополнувајќи дека е точно дека формално Советот не ја добил одлуката, но дека таа е објавена во Службен весник, а Советот е должен да го следи тоа. Во продолжение истакна дека Советот знае дека судијата е избрана на 22.12.2023 година, дека одлуката е објавена на 26-ти, а судијата ќе стапи во работен однос на 08.02.2024 година. Од тие причини истакна дека смета дека Советот сега треба да донесе формална одлука по барањето на судијата за мирување, но дека при тоа Советот неможе да ги еллиминира овие работи, односно дека од 08.02.2024 година судијата ќе стапи на друга функција. Смета и дека доколку се чека до 08.02.2024 година и на 07.02.2024 година .Советот да има седница сепак судијата мора да биде разрешена. Во таа насока постави прашање: „Што да се прави“???? , дополнувајќи дека краен рок е 07.02.2024 година и според нејзиното мислење не е проблем да се одложи констатирањето престанок до овој датум, но во ваков случај Советот остава судија да биде судија , а тој е веќе избран на друга функција. Дополни дека нејзината дилема е што судијата е во судот и постапува, инаку човечки нема дилема бидејќи се работи за судија кој со непостапувањето на Советот се остава да работи во судот, а Советот знае дека е избрана. Наведе дека тоа се нејзините дилеми и побара да се слушнат мислењата и на останатите членови, па што ќе се одлучи тоа.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** истакна дека во членот 54 се дадени основите кога му престанува судиската функција на судија, кога Советот со решение ќе утврди престанок на судиска функција, дополнувајќи дека во овој член таксативно се наведени 5 основи, од кои последниот став 5 е „ ако судијата е избран или именуван на друга јавна функција освен во случаи на мирување утврдени со закон, со денот на изборот или именувањето на друга јавна функција или професија“. Во таа насока ч**ленот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска д**ополни дека

Советот денес има точка на дневен ред - барање за мирување на судиска функција , кое нешто значи дека Советот треба да донесе формално решение по однос на ова барање. Кога тоа решение ќе стане правоилно, тогаш Советот може да го примени овој став од Законот за Судски совет. Дополни дека тоа е нејзиното размислување и од тие причини смета дека не треба да се избрзува во овој случај дотолку повеќешто не се знае и каков епилог ќе им денешната одлука.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека смета дека е задоцнето. Од 22.12.2023 година до 05.01.2024 година кога има известување од страна на претседателот на судот, а сеуште нема известување од Собранието на РСМ, според неа е недозволиво. Истакна дека ова е поради истата причина која била истакната и од членот на Советот м-р Антоанета Димовска .....„суди ли тој судија, паралелно е избран и суди или пак предметите му стојат во фиока и граѓаните чекаат да бидат прераспоредени после февруар или март кога ќе се создадат услови“.......**Претседателот на Советот Весна Дамева**во продолжение појасни дека не зборува за овој судја, туку генерално, да се прераспоредат предметите, па повторно да се насрочуваат, дополнувајќи сека Советот кога го примил барањето, посатапи дека не е проблем уште една недела да се одложи, но при тоа да се имаат предвид и последиците и тоа како материјалите ако престанува функцијата порано, бидејќи ќе се сносат тие последици, така и на последиците во смисла на одлагање на предметите каде ќе трпат граѓаните.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** побара да се запази процедурата од причини што Советот денес нема точка на Дневен ред престанок на судиска функција, односно да се одлучува по предлог кој сега се става на дневен ред, а се однесува на престанк на судиска функција, истакна дека смета дека не е во ред.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека делумно би се соглаила со излагањето на **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска,** дополнувајќи дека денес нема точка на дневен ред разрешување , но неможе никако да се согласи во делот дека одлуката треба да стане правосилна по однос на одбивањето на барањето на судијата да и мирува мандатот. Во таа насока истакна дека одлуката може да стане правосилна ....„Знаете кога“......бидејќи има право на жалба. Дополни дека Советот треба да постапи онака како што смета ..... „ ина 08-ми да е Советот нема да погреши, ама се согласува и на 07-ми, да не се брза, да се размисли“.... При тоа нагласи дека треба да се води сметка дали одлуката треба да стане правосилна со цел Советот сам да не влегуваа во некои стапици кои не треба да си ги става од причини што е донесена

одлука дека на судијата не и мирува мандатот, а потоа следат одлуките последователно...., „а дали од некого ќе бидат окарактеризирани како погрешни тоа е друго“........ Смета дека Советот треба да ги носи одлуките последователно како што треба и да не заборави дека се работи за судија кој што е избран на друга функција, а се остава да биде судија, дополнувајќи дека сигурно дека претседателот на судот води сметка за ова, а од сруга страна треба дасе води сметка и дека некој зема плата.

**Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми** постави прашање: „Дали Судскиот совет на РСМ има донесено заклучок за судии кои што се избрани во повисоките судови, додека не стане прависилна одлуката заизбор тие да судат и дали судијата за кој што станува збор денес суди бидејќи нема таква информација“? Смета дека неможе да се најдат исти работи, но дека се работи за избрано лице на друга функција, ...... „овде е друга функција, таму е повисок суд“...... Во таа насока истакна дкеа не се согласува со денот на изборот дека треба да престане претходната функција, дополнувајќи дека колку што е запознаена Советот нема донесено таков заклучок, па избраниот судија во повисок суд може да продолжи да суди.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** одговори дека е донесен таков заклучок.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декаод суд во суд е едно, а овде веќе е во друг орган.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека Судскиот совет во врска со прашањето за избор и незадоволството од изршен избор донел еден практичен заклучок во смисла дека избраните судии имајќи ја во предвид состојбата и потребата од ажурност и времето кое се заканува, а е поврзано со застареност да ги довршат предметите. Наведе дека со тој заклучок судиите избрани во Апелациониот суд не добиваат редовно предмети како и секој друг судија во основен суд, туку оние кои се затекнати и кои се спремни за одлучување да ги одлучат и завршат. Дополни дека со полагање на свечена заклетва или со донесување на одлуките по жалби и приговори ќе се создадат услови и ќе стапат на новата функција, но во моментот на изобр тие не добивале редовно предмети како останатите судии. По однос на конкретниот случај наведе дке азаконодавецот и на ова прашање посветил внимание во член 50, да Советот како орган биде известен, но да не го заборавиме објавувањето во Службен весник. Истакна дека на сите треба да им е јасно дека последицата од објавувањето на определена одлука, донесена од определен орган во Службен весник, значи дека Судскиот совет веќе има информација. Во та анасока постави

прашање : „Што праиме во случај, ако нема доставено барање од судијата дали Советот ќе се стави во ситуација судијата да зема две плати со неспојливи функции“? Во таа насока истакна дека се знае кога е изборот на почитуваната колешка и дека од моментот на избор до ден денес почитуваната колешка нема право да постапува и да ја врши судиската должност, ако се знае дека плата се зема за извршување на обврски поврзани со судиската функција. „Што ќе се прави во овој случај, ќе сепотпишува решение за земање плата и ќе се овозможува да колешката работи се додека не стапи на новата должност во новата институција“?...... Од овие причини ч**ленот на Советот м-р Ивица Николовски**истакна дека апсолутно не се согласува дека треба денес донесената одлука да стане правосилна, дополнувајќи дека одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, против таа одлука незадоволната странка има право на жалба, но Советот несмее да чека исход од евентуална постапка од изјавена жалба .

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** процедурално се јави за збор. Истакна дека смета дека оваа точка од дневниот ред е исцрпена и дека треба да сепремине на следната точка од дневниот ред. Ова од причини што смета дека доколку се продолжи распправата по оваа точка се отвораат многу нови теми и дилеми и ќе се остне на оваа точка. Од тие причини смета дека треба да се премине на наредната точка, а на следната седница која е многу скоро може да се стави точка на дневен ред па да се разправа подетално.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** се согласи со ставот на **членот на Советот м-р Селим Адеми**. Дополни дека во овој момент со оглед да Советот донел одлука со кој што не го уважи барањето насудијата Софија Спасова Медарска по однос на мирување на судиската функција на истата да и биде доставено известување. По однос на дискусиите кои се изнесени на денешната седница смета дека се во насока на размислување, а на наредната седница ќе се одлучи што понатаму.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и ќе се продолжи со разгледување и одлучување по 5-та точка од дневниот ред – „Разгледување на Извештај за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на Вишиот управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Крушево, Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга “.

**Точка 5**

**Разгледување на Извештај за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на Вишиот управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Крушево, Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга**

По однос на 5-та точка од дневниот ред **Претседателот на СоветотВесна Дамева** збор даде на **членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** во својство на претседател на Комисијата да го презентира извештајот**.**

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа**во својство на претседател на Комисијата іистакна дека ќе го изложи извештајот за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на Вишиот управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Крушево, Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга по оглас бр.241/23.. Истакна дека Комисијата за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на наведените судови во состав Миљазим Мустафа претседател и Лорета Горгиева и Ивица Николовски членови на Комисијата одржала состанок на ден 27.12.2023 година на кој ги разгледала и извршила проверка на пристигнатите пријави согласно критериумите утврдени во огласот објавен во Службен весник на РСМ, бр 241/23 во поглед на навременост и комплетност на пријавите на кандидатите согласно чл. 47 од Законот за судовите. Во продолжение претседателот на Комисијата Миљазим Мустафа наведе дека по извршениот увид во пријавите и целокупната приложена документација за секој кандидат посевно Комисијата го констатирала следното.

1.По огласот за избор на претседател на Основен суд Кавадарци Комисијата констатирала дека единствениот пријавен кандидат Лазар Нанев кон пријавата доставил комплетна и уреднс документација од кои причини Комисијата предлага Советот да донесе одлука постапката за избор на претседател на Основен суд Кавадарци да продолжи за кандидатот Лазар Нанев.

2. По огласот за избор на претседател на Основен суд Струга Комисијата констатирала дека единствениот пријавен кандидат е судијата Вулнет Винца кој кон пријавата доставил комплетна и уреднс документација од кои причини Комисијата предлага Советот да донесе одлука постапката за избор на претседател на Основен суд Струга да продолжи за кандидатот Вулнет Винца.

3. По огласот за избор на претседател на Виш управен суд, Основен суд Берово, Осонвен суд Крушеви и Основен суд Делчево Комисијата констатирала дека немало пријавени кандидати. Од наведените причини

истакна дека Комисијата согласно чл. 46 ст.7 од Законот за судовите на Советот му предлага да донесе одлука за распишување на нов оглас за избор на претседател на Виш управен суд, Основен суд Берово, Осонвен суд Крушеви и Основен суд Делчево.

**Пртетседателот на Советот Весна Дамева**отвори расправа по 5-та точка од Дневниот ред.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор, **Претседателот на Советот Весна Дамева** на гласање го стави Извештајот за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на Вишиот управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Крушево, Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга.

Воедно, констатира дека на седницата не се присутни **членовите на Советот Мирсад Суроји и м-р Тања Чачарова Илиевска**

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен Извештајот за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на Вишиот управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Крушево, Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во чл. 46 ст.7 од Законот за судовите е предвидено да се објави друг оглас доколку никој не се јавил на огласот или доколку ниту еден од пријавените кандидаи не ги исполнува законските услови за избор. Согласно наведеното **Претседателот на Советот Весна Дамева**на гласање го стави предлогот за објавување на оглас за избор на претседатели на Виш управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Крушеви и Основен суд Делчево

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

Да се објави оглас за избор на претседатели на Виш управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Крушеви и Основен суд Делчево.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе се премине на формирање на комисија за проверка на условите и критериумите за избор на претседатели на суд,.

Во таа насока истакна дека согласно Правилникот за начинот на проверка на условите и критериумите за избор на претседатели на суд, како и начинот на работење на комисијата е предвидено да се формира комисија во состав од три члена, од редот на членовите со право на глас, избрани по пат на ждрепка, од кои два члена од редот на судиите, а еден од членовите избрани од Собранието на РСМ, од кои еден од нив по пат на ждрепка се избора за претседател на комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи да се пристапи кон жзребање.

По извршеното ждребањ**е Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формира комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор  на претседатели на Вишиот управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево и Основен суд Крушево во состав:

м-р Селим Адеми – претседател на Комисијата
Ханиф Зендели – член на Комисијата
Мери Радевска член на Комисијата

Комисијата потребно е да постапи согласно одредбите од Правилникот за начинот на формирањето на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата и да достави Извештај со предлог до Советот.

**Претседателот на СоветотВесна Дамева**  истакна дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се продолжи со разгледување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред – „ Анализа за потребни судиски местаза Управниот суд и основните судови на апелационо подрачје Скопје, апелационо подрачје Гостивар, апелационо подрачје Битола и апелационо подрачје Штип“.

**Точка 6**

**Анализа за потребни судиски места за Управниот суд и основните судови на апелационо подрачје Скопје, апелационо подрачје Гостивар, апелационо подрачје Битола и апелационо подрачје Штип**.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека анализата ја изготвила три члена комисија на која била претседател од кои причини на денешната седница ќе се јави во укога на известител и ќе ја презентира изготвената анализа. Пред да пристапи кон реферирање **Претседателот на Советот Весна Дамева**истакна дека сака да изрази благодарност до останатите членови на комисијата и до стручната служба бидејќи со оваа изготвена анализа и со нејзиното усвојување веќе се заокружува судската мрежа за бројот на судии. Дополни дека на една од претходните седници, минатиот месец била усвоена анализата за повисоките судови почнувајќи од Виш управен, Управен суд и апелационите судови, а ова е анализа за Управен суд и основните судови на апелационо подрачје Скопје, апелационо подрачје Гостивар, апелационо подрачје Битола и апелационо подрачје Штип. Истакна дкеа ова е анализа која долги години била потребна, сега Судскиот совет успеал да ја изготви, а на наредната седница веќе ќе се утврди и потребниот број на судиски места. **Претседателот на Советот Весна Дамева**информираше и дека во меѓувреме се пратени циркуларни писма до судовите да ја изготват судската мрежа по однос на судски службеници со што ќе се заврши еден сериозен процес за кој што понатаму треба да се известат надлежни институции од причина што колку што е познато за Стратегијата за човечки ресурси која се работи овие индикатори и податоци ќе бидат неопходни.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека пред **Претседателот на Советот Весна Дамева** да пристапи кон изложување на содржината на конкретната анализа смета за потребно да извести, а колегите знаат бидејќи било предмет на разгледување на претходна седница, но смета за потребно и денес да го извести Судскиот совет бидејќи ќе се усвојува предметната анализа. Во продолжение **членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека добро е што претседателот информирал дека Судскиот совет работи во комисии и што се заблагодарила на работата на сите во комисиите . Воедно, истакна и дека Судскиот совет на 431-та седница одржана на 20.02.2023 година донел одлука за формирање на работна група која била задолжена за изработка на конкретната анализа за утврдување на потребни судиски места и судски службеници на територијата на цела Република Северна Македонија.

Конкретната комисија била во состав од членовите на Советот Сашко Георгиев, претседател и Лорета Горгиева и м-р Миљазим Мустафа членови на комисијата. Комисијата формирана со одлука од 23.02.2023 година започна со работа и смета дека за неполни два месеца доста сработила, одржала состаноци и се изготвени се записници. Од секој од членовите на комисијата заедно со секретарот на комисијата државниот советник Емилија Николиќ биле дадени напатствија во кој правец и кои податоци да се бараат со оглед на фактот дека таквата анализа се прави после долго време и ќе биде еден патоказ, смерница и стратегија во кој правец треба Советот да се движи при пополнување на судовите со човечки ресурси, како во делот на судиските места, така и во делот на стручната служба . Во продолжение **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека во завршните материјали од Комисијата не ги гледа претходните одлуки и претходните записници од работта на комисијата во претходниот состав. Дополни дека по изборот на Сашко Георгиев за претседател на Советот извршена е замена, односно на неговото место за нов претседател на 26.07. 2023 година по пат на ждрепка за претседател е избрана сегашната претседателка на Советот Весна Дамева. На првиот работен состанок новиот претседател бил информиран дека комисијата не почнува од нула , туку комисијата има работено и има подготвено материјали и дадено напатствија по што претседателот на комиисјата Весна Дамева била упатена да ги побара записниците од тоа што е сработено од секретарот на комисијата Емилија Николиќ. Бидејќи на првиот состанок од наша страна материјалите беа дадени.........

**Претседателот на Советот Весна Дамева** се јави за збор процедурално. Замоли **членот на Советот Лорета Горгиева** да се произнесе по точката од дневниот ред од причини што за се има трага, објавени се анализите , објавена е одлуката...... поради што повторно замоли **членот на Советот Лорета Горгиева** да се задржи на анализата и поради околноста што членовите ги имаат одлуките и од 2-ри и од 6-ти месец.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** во продолжение на своето излагање се согласи дека не треба да се обременува, но нагласи дека треба дасе слушне вистината и реалната фактичка состојба дека претседателот на Советот Весна Дамева како претседател на оваа кмисија оневозможила член на комисијата да даде активен допринос со својата работа која и претходно работела. Во продолжение **членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека **претседателот на Советот Весна Дамева** по секоја цена истакна дека на претходната седница на усвојување ставила извештај кој не бил потпишан од **членот на Советот Лорета Горгиева**како член на комисијата бидејќи и немала материјали врз основа на што да се

потпише. Истакна дека следно нешто како акт на незаконито работење во ова комисија на претседателот на комисијата Весна Дамева според неа преставува тоа што до член на Судски совет на РСМ Лорета Горгиева доставила предмет  анализа за потребни судиски места .... „Како член на оваа комисија Вие ми доставувате информирање со број 203244/3/1 од 07.12.2023 година“....... Поради наведеното  постави прашање: „Дали како член на комисијата имам право на активен допринос и со кое право сум исклучена од активната работа на комисија и до мене како член на оваа комисија е доставено само известување исто како и на останатите членови“? . Дополни дека нема да ја опонира анализата иако лично имала свои податоци и видувања и како долгогодишен судија имала свои смерници за кои сметала дека требало да бидат земени во обзир, но морала да нагласи дека **претседателот на Советот Весна Дамева** во својство на претседател на комисијата си дала за право да анализата ја сработи сама со стручната служба и да исклучи од работа член на Судски совет. Повторно нагласи дека нема да ја опонира анализата иако со некои податоци ......

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе даде појаснување за останатите колеги во врска со излагањето на **членот на Советот Лорета Горгиева**. Во таа насока истакна дека е точен наводот дека се обратила со писмо и дека анализата е изготвена од стручните служби со дополнение дека ниту во тој, ниту во нареден случај барем додека претседава со Судскиот совет нема да дозволи неажурното постапување на одредени членови да се одрази на работата на Судскиот совет. Дополни дека за неа како член на Судскиот совет е недозволиво одреден член да неможе да се најде за да комисијата заседава дополнувајќи дека најотворено ќе каже дека Судскиот совет ќе биде ажурен и дека секој кој нема да постапува ажурно...., сите почнувајќи од претседателот ќе ги сноси последиците. Ова од причина што Советот ниту граѓаните, ниту судовите нема право да ги ускратува во нивната понатамошна работа.

Обраќајќи се кон **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека доколку смета дека опструирала било што може слободно да поднесе барање, но дека е изненадена од ваквите наводи. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** се обрати до сите членови со укажување дека во иднина ќе бара ажурност кое нешто го кажала и на работниот состанок и дека нема да има дилема за никој, дури и за себе, доколку погрешила да се поднесе барање бидејќи овој Судски совет мора дури е овој состав и дури има волја какј членовите да  работи ажурно и согласно со закон.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** во реплика истакна дека честита на храброста да претсдателот опонира нешто за што има материјални докази и дека не се работи за никакви отуство од комисија и за никакво неажурно постапување, туку спротивно на тоа има писмени известувања до претседател Сашко Георгиев.

Во продолжение **претседателот на Советот Весна Дамева** збор даде на **членот на Советот м-р Антоанета Димовска.**

**Членот на Советот Антоанета Димовска** истакна дека гледа дека анализата е потпишана само од два члена, колегата м-р Миљазим Мустафа и од претседател на комисијата Весна Дамева, но не и од колешката Лорета Горгиева. Во продолжение истакна дека незнае како се случувале работите но сака, за да може да гласа по оваа анализа **членот на Советот Лорета Горгиева** да ги каже своите согледувања кои не успелала да ги каже. Смета дека **членот на Советот Лорета Горгиева** своите согледувања може да ги каже сега, па можеби ќе бидат гласани и можеби ќе бидат инкорпорирани во анализата од причини што анализата сега ќе биде разгледувана, поради што и не е доцна сега да ги каже своите согледувања.. Дополни дека ништо неможе и несмее да биде проблем за да Советот добие анализа што можел најсоодветно да ја изработи.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** е во право и дека практично се работи за предлог анализа се додека истата не биде усвоена. Побара да се размислува најразумно и најрационално бидејќи се работи за потребен број на судиски места во судовите од кои причини ниту една опструкција и неажурност неможе да ја доведе во прашање работата на Судскиот совет. Дополни кој сака да потпишува извештај да потпишшува, кој сака да се произнесува нека се произнесува, но побара членовите на Советот да се надминат од причини што судовите не заслужуваат да се опструираат едни со други и да стојат предметите .

За збор се јави **членот на Советот м-р Ивица Николовски.** Побара Советот да биде издржан и конструктивен во позитивна смисла. Се заблагодари на **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакнувајќи дека го кажала она што тој сакал да го каже, дека се работи за предлог анализа изработена од страна на наведената комисија, а видно од материјалите непотпишана од едниот член на комисијата . Во продолжение се обрати кон членот на комисијата кој ја нема потпишано предлог анализата, **членот на Советот Лорета Горгиева**со зборовите...„ еве простор, еве момент, дајте го Вашиот придонес“, дополнувајќи дека би сакал да слушне што е она инкорпорирано во анализата што не држи и

истовремено да го слушне предлогот на членот на комисијата кој треба да биде вметнат во материјалот, по што Советот да премине кон усвојување на анализата. Во продолжение **членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека сака во таа насока да слушне аргументи, а дека сето друго е безпредметно и дека не е место за вакво однесување на седница која е јавна. Побара **членот на Советот Лорета Горгиева** како член на работната група да се произнесе кој предлог го дава, каде треба во анализата нешто да се измени или нешто да се додаде

**Претседателот на Советот Весна Дамева** процедурално истакна дека како известител најнапред ќе ја реферира предлог анализата, а потоа ќе се даде збор на **членот на Советот Лорета Горгиева** да се произнесе дали има забелешки иако тоа со писмо и било дозволено. Истакна дека се работи за статистички податоци, па уште еднаш да се провери да не има некои грешки, некои дилеми или нејаснотии, и да се дискутира со цел да се утврди правилниот број на потребни судиски места.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во продолжение пристапи кон реферирање на анализата. Истакна дека се работи за потребен број на судиски места во Управниот суд и основните судови од Апелационо подрачје Скопје, Апелационо подрачје Битола, Апелационо подрачје Гостивар и Апелационо подрачје Штип. Дополни дека анализата е изготвена врз основа на нерешени предмети од претходниот период, вкупно во работа предмети, решени и нерешени предмети, предмети на крај на период,предмети на 100 жители, месечна норма, годишна норма и прилив на предмети при што се имале во предвид и мислењата на судовите.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** пристапи кон елаборација поединечно за секој суд опфатен во анализата почнувајќи од Управниот суд.

За Управниот суд наведе дека од анализите е покажано дека во овојт суд за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 25,32 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии. Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 21.10 судии, а доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 18,08 судии. Истанка дека со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Управниот суд да ја извршуваат 33 судии, а во моментов систематизацијата е пополнета со 28 судии од кои еден е претседател. Имајќи ја во предвид надлежноста на Управниот суд, истиот работа во четири специјализирани оддели и тоа: Оддел за имотно-правна облас, денационализација,урбанизам, градеѓништво и други сродни права, Оддел

за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување, царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права, оддел за финансиски прашања и други сродни права, и оддел за судска пракса, Работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е 26 судии вклучувајќи го во тој број и претседателот на судот Работната група го имаше во предвид и приливот на предмети во Управниот суд за 2020 година, 2021 година и 2022 година.Во 2020 година примил нови предмети 8579, а на крајот од годината имал нерешени 4391 предмети.Во 2021 година примил нови предмети 10872, а на крајот од годината имал нерешени 5590 предмети.Во 2022 година примил нови предмети 8388, а на крајот од годината имал нерешени 5248 предмети. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека имајќи го во предвид приливот на предмети и вкупниот број на предмети во работа може да се забележи дека во Управниот суд има намалување на приливот на предмети за 2.484 предмети во 2022 година.Според мислењето на Управниот суд бројот на судии според Одлуката на Судскиот совет од 2015 година треба да остане на 33 судии и не се предлага намалување, ниту зголемување на бројот на судии.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** продолжи со изложување на анализата која се однесува на основните судови на Апелационото подрачје Битола. Известувањето го започна со презентирање на податоцвите за Основен суд Битола За овој суд **претседателот на Советот Весна Дамев**а истакна дека во Основниот суд Битола за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 31,30 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии., доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 25,83 судии**, а** доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 22,14 судии.Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Основниот суд Битола да ја извршуваат 25 судии, во моментов систематизацијата е пополнета со 17 судии од кои еден е претседател, а на 3 судии им мирува судиската функција.Истакна дека согласно со надлежноста Основниот суд Битола, работа во два специјализирани оддели и тоа: кривичен оддел и граѓански оддел и дека работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е 25 судии вклучувајќи го во тој број и претседателот на судот.Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декапри изготвување на аналзизата работната група го имала во предвид и приливот на предмети во Основниот суд Битола за 2020 година, 2021 година и 2022 година, наведувајќи дека во 2020 година судот примил 19.712нови предмети, а на крајот од годината имал нерешени 3.702 предмети.Во 2021 година примил 27.533нови предмети, а на крајот од годината имал нерешени 4.611 предмети и во 2022година примил

30.669нови предмети, а на крајот од годината имал нерешени 5.111 предмети.Имајќи го во предвид приливот на предмети и остатокот на нерешени предмети на крајот на годината **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека, може да се забележи дека секоја година има зголемување на приливот на предмети за 3.136 предмети во 2022 година споредбено со 2021 година.Според мислењето на Основниот суд Битола истакна дека бројот на судии според одлуката на Судскиот совет од 2015 година треба да остане на 25 судии и судот не предлага намалување, ниту зголемување на бројот на судии.Во овој дел од анализата при реферирањето **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна деказабележала техничка грешка кај предметите за 2020 и 2021 година во делот каде имало дадено прилив на предмети по што повторно биле дадени податоци за 2020 година, а најверојатно се мислело на 2022 година. Дополни дека техничката грешка се наоѓа на страна 3, а се однесува на бројот на годината.Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декаимајќи го предвид приливот на предмети и бројот на решени предмети на крајот на годината секоја година има зголемување на бројот на предметите

**Претседателот на Советот Весна Дамева** реферирањето го продолжи со презентирање на податоците за Основен суд Крушево. Наведе дека во овој суд за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 1,84 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии, доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни биле 1,54 судии, а доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 1,32 судии. Наведе дека со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Основниот суд Крушево да ја извршуваат 3 судии, во моментов овој суд нема ниту еден судија, туку еден судија е времено упатен од друг суд и истиот е и ВД претседател на судот. Имајќи ја во предвид надлежноста на Основниот суд Крушево, истакна дека работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е **2 судии** вклучувајќи го во тој број и претседателот на судот, но смета дека во иднина треба да се преиспита потреба од овој суд во судската мрежа, односно дали истиот треба да функционира како одделение на некој поголем суд во апелационото подрачје Битола. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декаработната група го имала во предвид и приливот на предмети во Основниот суд Крушево за 2020 година, 2021 година и 2022 година според кој судот во 2020 година примил 1.532нови предмети, а на крајот од годината имал нерешени 241 предмети, во 2021 година примил нови предмети 2.087, а на крајот од годината имал нерешени 320 предмети во 2022 година примил 2.160нови предмети, а на крајот од **ГОДИНАТА** имал нерешени 403 предмети.Имајќи го

во предвид приливот на предмети и остатокот на нерешени предмети на крајот на годината, **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декаможе да се забележи дека секоја година има зголемување на приливот на предмети или помалку 73  предмети во 2022 година споредбено со 2021 година.Според мислењето на Основниот суд Крушево за нормално функционирање на судот потребни биле 2 судии.

По одно на Основниот суд Охрид **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна деказа совладување на приливот во  просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни **18,54 судии**, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии, доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 15,45 судии, а доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 13,24 судии. Наведе дека со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Основниот суд Охрид да ја извршуваат 18 судии, во моментов систематизацијата е пополнета со 9 судии.додека претседателот е избран од друг суд. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декасогласно со надлежноста Основниот суд Охрид работи во два специјализирани оддели и тоа: кривичен оддел и граѓански оддел,дополнувајќи дека работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е **14 судии** вклучувајќи го  во тој број и претседателот на судот. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декаработната група при изготвување на анализата го имала во предвид и приливот на предмети во Основниот суд Охрид за 2020 година, 2021 година и 2022 година според кој во 2020 година судот примил 12.115нови предмети, а на крајот од годината имал нерешени 4078 предмети. во 2021 година примил 16.524нови предмети, а на крајот од годината имал нерешени 4375 предмети и во 2020 година примил нови предмети 17541, а на крајот од годината имал нерешени 5553 предмети.Имајќи го во предвид приливот на предмети и остатокот на нерешени предмети на крајот на годината, **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декаможе да се забележи дека секоја година има  зголемување на приливот на предмети за 1.017 предмети во 2022 година споредбено со 2021 година, како и дека според мислењето на Основниот суд Охрид  потребни биле  вкупно 13  судии.

По однос на Основен суд Прилеп **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во овој суд од направената анализа произлегла следната состојба: Во Основниот суд Прилеп  за совладување на приливот во  просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 20,99 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии, доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 17,49 судии., а дадена е проекција и доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се

14,99 судии. По однос на овој суд наведе дека со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Основниот суд Прилеп да ја извршуваат 18 судии, во моментов систематизацијата е пополнета со 4 судии, од кои еден е определен за ВД претседател. Во делот на надлежноста **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декаимајќи ја во предвид надлежноста Основниот суд Прилеп, работа во два специјализирани оддели и тоа: кривичен оддел и граѓански оддел, како и дека работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е **18 судии** вклучувајќи го во тој број и претседателот на судот.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** презентираше податоци кои се однесуваат на Основниот суд Струмица Наведе дека за овој суд за совладување на приливот во  просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 17,04 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии, доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 14,20 судии, а според дадената проекција доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 12,17 судии. Наведе и дека со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Основниот суд Струмица да ја извршуваат 20 судии, во моментов систематизацијата е пополнета со 12 судии од кои еден е претседател, а 3 судии се времено упатени во друг суд. Имајќи ја во предвид надлежноста на Основниот суд Струмица, **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека судот работи во два специјализирани оддели и тоа: кривичен оддел и граѓански оддел и дека работната група смета дека оптимален број на судии за

навремено и ажурно постапување во овој суд е 18 судии, вклучувајќи го во тој број и претседателот на судот, а на 1 судија му мирува судиската функција бидејќи е избран за член на Судскиот совет на РСМ. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека работната група го имала во предвид и приливот на предмети во Основниот суд Струмица за 2020 година, 2021 година и 2022 година според кој во 2020 година судот примил нови предмети 15.405, а на крајот од годината имал нерешени 3.614 предмети, во 2021 година примил нови предмети 19.609, а на крајот од годината имал нерешени 3.186 предмети и во 2022 година примил нови предмети 19.813, а на крајот од годината имал нерешени 2.955 предмети. Имајќи го во предвид приливот на предмети и остатокот на нерешени предмети на крајот на годината, **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека може да се забележи приливот на предмети е зголемен за 204предмети во 2022 година споредбено со 2021 година.Според мислењето на Основниот суд Струмица наведе дека бројот на судии треба да остане според одлуката на Судскиот совет од 2015 година, на 20 судии.

По однос на Основниот суд Штип **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека од изготвената анализа произлегува дека за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 21,25 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии, доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 17,71 судии, а доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 15,18 судии. Наведе и дека со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Основниот суд Штип да ја извршуваат 19 судии, во моментов систематизацијата е пополнета со 13 судии од кои на 1 судија му мирува судиската функција бидејќи е избран за член на Судскиот совет на РСМ. Имајќи ја во предвид надлежноста на Основниот суд Штип, **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека судотработи во два специјализирани оддели и тоа: кривичен оддел и граѓански оддел и дека работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е 19 судии, вклучувајќи го во тој број и претседателот на судот. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека работната група го имала во предвид и приливот на предмети во Основниот суд Штип за 2020 година, 2021 година и 2022 година според кој во 2020 година судот примил 16.011нови предмети, а на крајот од годината имал нерешени 3379 предмети, во 2021 година примил нови предмети 21.770, а на крајот од годината имал нерешени 3233 предмети и во 2022 година примил нови предмети 23.527, а на крајот од годината имал нерешени 3819 предмети. Имајќи го во предвид приливот на предмети и остатокот на нерешени предмети на крајот на годината, **Претседателот на Советот Весна Дамева**

истакна дека може да се забележи дека приливот на предмети е зголемен за 586 предмети во 2022 година споредбено со 2021 година..По однос на Основниот суд Штип **Претседателот на Советот Весна Дамева** дополнително појасни дека податоците се врз основа на анализите и според членовите на работната група бројот од 13 судии е сосема доволен, но останува простор да се дискутира на наредната седница кога ќе се утврдува бројот на потребни судиски места. Според мислењето на Основен суд Штип бројот на удии треба да остане 19 судии.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во својство на претседател на наведената комисија побара уште еднаш да се слушне гласно кои се тие броеви кои произлегле од статистичките податоци и анализите и да се размислува дали некаде треба да се изврши корекција. Дополни дека анализата може да се усвои, но дека може и да се одложи, но ако забелешките се суштински.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по анализата за потребни судиски места за Управниот суд и основните судови на апелационо подрачје Скопје, апелационо подрачје Гостивар, апелационо подрачје Битола и апелационо подрачје Штип.

За збор се јави **членот на Советот Сашко Георгиев.** Истакна дека комисијата ја изработила оваа анализа и бројките и состојбите се тие, сњка од анализата се гледа дека комисијата постапувала за 3 години наназад, односно за 2020,2021 и 2022 година и има цела сондажа околу бројот на предмети, околу бројот на судии, колку судии недостасуваат итн. Истакна дека генерално е познато колку судии недостасуваат во судовите, но дека тој ќе се повика на состојбата која години наназад се коментирала во судската фела, а и во Судскиот совет во делот на реалната судска мрежа. По тој основ истакна дека сака да потсети дека во изминатите 2 години имало попис во државата кој ни ги дал реалните состојби со бројот на население во одредени општини, дополнувајќи дека морал да го истакне ова од причини што во минатиот период се слушало и сме биле сведоци за многу тези за реформи во делот на ефикасноста во работењето во правосудството, а од друга страна се работело според законски решенија кои на некој начин се наследени од поранешниот систем. Во продолжение истакна дека има состојби кадешто има општини со некои 7-8.000 жители во кои има основни судови со основна надлежност, па доколку се анализира состојбата се воспоставува дека на некој начин за државата е луксуз ако на оддалечќеност од некои 15 километри од еден до друг град има судови. Сите овие судови по сила на закон мора да постојат и мора да функционираат, а од друга страна кадарот и во делот на службите и во делот на судиите се намалува, па има состојби како во Основен суд Берово

или Основен суд Крушево кадешто во изминативе неколку години нема судии, туку судовите се одржуват во работа со делегирање на судии. Истакна дека изготвената анализа е во ред за сегашната состојба и сегашните закони, но истовремено упати повик до сите надлежни дека под итно мора да се постапи во делот на судската мрежа каде е оправдано постоењето на судови, а каде можеби треба да има друго решение во форма на одделенија. Дополни дека во изминатиот период имало многу предлози каде и самите судии давале предлог решенија околу делегирањето, за да може да се размислува и конечно да се реши тој проблем со едно законско решение според кое малите судови ќе преминат во одделенија. Смета дека Судскиот совет треба да го покрене ова прашање, за кое енадлежно Министерството за правда. Во таа насока истакна дека размислува дека е потребно да се организира и состанок покрај постоечката анализа од Судскиот совет. Го повика и Врховниот суд на РСМ бидејќи и тој има надлежност во делот на перцепцијата и состојбата во судството да се вклучи за да може да се има една реална судска мрежа. Смета дека тука може да дадат придонес и претседателите на апелационите судови по што да се одржи еден состанок со целосна анализа и даден готов проект до Министерството за правда по што да сеистапи пред законодавниот дом. Ова од причини што смета дека се работи запроблем кој истотака се развлекува со години и доколку не се интервенира ќе продолжи да трае, а функционалноста на судството се одразува и во овој дел. Поради сето погоренаведено смета дека е нужно време да сепостапува во овој дел соцел да се добие некаков релевантен и функционален Закон за судови. Истакна дека мора да потсети и тоа дека опкружувањето на балканот околу нашата држава, како Република Албанија и Република Косово веќе имаат постапено и од неговите сознанија во изминатиот период веќе применуваат закон каде малите судови се во форма на одделение а судството повторно функционира во секој домен. Истакна и дека ова морал да го каже како забелешка и дека во иднина мора да се расправа и да се одлучува по ова прашање бидејќи неможе општина со 6-7000 жители согласно пописот да има суд кој мора да постапува по сите предмети, кога се знае дека со делегирањата нема некакви ефекти и затоа е крајно време да за се изтервенира во овој дел како законско решение.

**Претседателот на СоветотВесна Дамева с**е согласи со кажаното дополнувајќи дека ова неслучајно го кажала на почетокот кога рекла дека ова се клучните документи од кои понатаму следуваат идните чекори. Укажа дека Советот мора да го усвои овој документ за овие судови исто како и за претходните со што сеотвора патот во смисла дека има аргументи за дискусија, дополнувајќи дека при тоа неважно е каде ќе се дадат забелешките. Во таа насока повика да се собере сила сега да се дадат

забелешките и да сенотираат бидејќи ова ќе биде една од добрите работи, особено ако се дадат предлози до законодавната и до извршната власт, па законодавната власт да ги доработи, укажувајќи дека претходно и Советот мора нешто да сработи и да биде самокритичен  Дополни дека ова го кажува како генерален пробле.....  ,во ред имаше попис“....., но сега кога има нешто готово час поскоро темелно се да се направи и да се превземаат други чекори.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека ќе се задржи на тоа дека е очигледно дека податоците не сеажурирани бидејќи во анализата најнапред не е предвиден ниеден од судиите академци кои биле делегирани, наведувајќи дека смета дкеа 8 или 9 колеги се во прашање. Исто така истакна дека не сеажурирани миту податоците во делот на избраните претседатели за кои смета дека треба да бидат внесени. За другиот дел од анализара наведе дека нема да се впушта, но дека постоечките податоци треба да се проверат, како и некои други технички грешки кои се забележани од колегите. Во таа насока ч**ленот на Советот Лорета Горгиева**истакна предлог на првата наредна седница се да биде проверено за да може да биде ставено на усвојување. Ова од причини што се работи за сериозен акт за кој смета дека треба да биде наредна стратегија на Советот и патоказ во делот на пополнување на судовите и ажурно и навремено постапување на секој суд во државата, независно дали се работи за суд со основна надлежност, за суд со проширена надлежност или Врховен суд како највисок суд. По однос на дискусијата на **членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека апсолутно се согласува дополнувајќи дека ова треба да бидепатоказ и смерница во делот на измените на Законот засудовите. Во продолжение истакна дека е конструктивно од Судскиот совет како орган кој што ги има сите овие податоци и има надлежност да дава своја корекција во тој дел и дека не е на одмет да има материјален траг дека е дискутирано, да произлезе како предлог до Министерството за правда за наредните измени на Законот за судовите што може и тешко да оди, но сепак да има трага дека со реални параметри и податоци. Судски совет излегол со свој став за промена на законот во делот на исплатливоста за функционирањето на малите судови со кои години station назад имаме проблем.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**упати прашање: „Дали е извршена проверка за Основен суд Тетово со цел да се види дали станува збор за технички грешки“ ? На прашањето се надоврза **членот на Советот Мирсад Суроји** укажувајќи дека има и други грешки во бројките. Како пример го посочи Основен суд Штип каде е координатор укажувајќи декане се согласува  со податокот наведен во анализатана последната страна за 2020 годинакаде стпи бројка од 8.310 од причини што бројот всушност е

16.700, како и за 2021 година за која наведе дека стои 9.957, а реален број е 21.000.

**Претседателот на СоветотВесна Дамева** упати прашање до **членот на Советот Мирсад Суроји**: „Дали податоците за кои говори ги добил од судот или од Судски совет. на РСМ“ ?

**Членот на Судскиот совет Мирсад Суроји** во одговор идтакна дека тоа се податоци од нашиот систем....„од каде сте ги земали Вие од таму и јас ги имам“. Поради наведените грешки истакна дека смета дека анализата треба да сеповлече и да се поправат грешките, за да може на наредната седница да се усвои. Дополни дека не се согласува со некои од колегите и дека е потребна подлабока анализа со цел да се добие пореална слика за правосудството, за бројот на судии, за состојбите во правосудство при што да се земат предвид и други критериуми, дополнувајќи дека анализата требало такба да биде, но заради состојбата се побрзало со ваква анализа.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека се работи за статистички податоци од кои причини во овој момент неможе да потврди дали се грешка или не сегрешка. Дополни дека имајќи во предвид дека анализата е итна, за наредната седница која ќе биде закажана за наредната недела да се проверат податоците интервентно, со цел да се излезе со конкретни бројки, сигурно утврдени. Побара да се провери и предлогот што таа го дала, нагласувајќи дека по однос на претседателите и бројот на судии тоа може да оди и како забелешка. Дополни дека она што го истакнал **членот на Советот Мирсад Суроји** дека апсолутно мора да се провери. Во таа насока го задолжи Генералниот секретар најдоцна до утрешниот ден да биде известена дали податоците се точни, со цел да може на наредната седница да се разгледа анализата, а доколку не се стигне дека ќе се разгледа на понаредната седница, при тоа нагласувајќи дека се мора да биде темелно и детално проверено бидејќи се работи за еден од клучните документи.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека анализа за потребни судиски места за Управниот суд и основните судови на апелационо подрачје Скопје, апелационо подрачје Гостивар, апелационо подрачје Битола и апелационо подрачје Штип се повлекува на доработка.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека има уште една точка од дневниот ред на која јавноста може да биде присутна, па потоа следуват две точки на кои неможе да биде присутна, па повторно следи точка на која јавноста може да биде присутна

Поради наведеното, а во интерес на времето предложи да се разгледа уште наредната 7-ма точка по што ќе се направи кратка пауза.

**Претседателот на СоветотВесна Дамева** истакна дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и ќе се продолжи со разгледување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред – „ Разгледување на одлука на Управен суд“.

**Точка 7**
**Разгледување на одлука на Управен суд**

По однос на оваа точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека постапувајќи по тужбата на тужителот Зоран Теофиловски, Управниот суд донел пресуда со која тужбата на тужителот е усвоена, а решението на Судскиот совет на РСМ со кое е ставено вон сила решението со кое на судијата му е продолжен мандатот и со кое на судијата му е утврден престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, е поништено. Истакна дека од страна на Судскиот совет на РСМ се донесени решенија со кои се ставаат вон сила решенијата на Судскиот совет со кои им е продолжен мандатот на судиите и тоа сметано од 01.07.2022 година и на судиите заклучно со 30.06.2022 година им престанува судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, а како што е наведено во одлуките согласно чл.2 ст.1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи (Сл.весник на РСМ бр.151/21 и чл.54 од Законот за Судскиот совет на РСМ. По однос на овие правни работи **Претседателот на Советот Весна Дамева**укажа дека ставот на Управниот суд е дека е повреден законот на штета на тужителот и дека оспореното решение е незаконито, дополнувајќи дека ова е една од неколкуте такви одлуки кои што се вратени во Судскиот советврз основа на судска пресуда.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвари расправа по 7-та точка од Дневниот ред.

За збор се јави **членот на Советот м,-р Антоанета Димовска**. Истакна дека е донесена одлука на Управниот суд врз основа на која е укинато решението од 15.06.2022 година, донесено на седницата одржана на 07.06.2021 година. Дополни дека смета дека при носење на ова решение пред се е прекршен законот затоа што е продолжен мандатот за повеќе од една година, односно продолжувањето е направено за повеќе од година ипол. Во продолжение истакна дека ќе почне од изјавата на Зоран Теофиловски, наведувајќи дека истиот дал изјава на 23.04.2021 година во

која навел дека на 26.04.2022 година полни 64 години. Решението е донесено на 07.06.2022 година и со истото му е продолжен мандатот до 26.04.2023 година, односно за повеќе од 1 година што го смета за прва грешка. Потоа е донесено решение со кое е ставено вон слика ова решение и мандатот е продолжен заклучно со 30.06.2022 година, дополнувајќи дека ова решение е предмет на оцена на Управниот суд. Во продлжение **членот на Советот м,-р Антоанета Димовска** истакна дека останува на својот став дека Зорасн Теофиловски има стекнато право да му сепродолжи мандатот за уште една година и можело да му се продолжи само за уште една година, што значи не до 2023 година, туку до 2022 година. Поради наведеното истакна дека Советот треба само да донесе ново решение со кое ќе се утврди дека на Зоран Теофиловски му престанува мандатот заклучно со 2022 година како негово стекнато право и тоа да биде пред датумот од 06-ти месец 2022 година, односно дека само треба да се изправи грешката. Дополни дека во случајот „de facto“ нема ни грешка бидејќи решението е донесо 01.07 кога тој веќе не ни можел да биде судија. Меѓутоа се знае дека ние во Советот имавме и имаме различни ставови, тврдевме дека на 30.06. на сите треба да им престане работниот однос, односно мнозонството сметаше дека на 30.06.2022 година неможе повеќе да се продолжува мандатот, но на Зоран Теофиловски можело да му престане мандатот во 04-то месец 2022 година. Сега бидејќи има одлука со која Совтот утврдил дека на 30.06.2022 година му престанува мандатот во таа насока треба Советот да го корегира своето решение, односно да се донесе решение дека на 30.06.2022 година му престанал мандатот, .... „такво решение треба да се донесе според мене, во овој конкретен случа“ј. , односно дасе донесе решение со кое ќе се утврди дека му престанал мандатот..... „еве точно ќе го кажам датумот, тоа е 26.04.2022 година“. Во таа насока **членот на Советот м,-р Антоанета Димовска**истакна дека нејзиниот предлог е да се донесе ново решение со кое ќе се утврди дека на Зоран Теофиловски му престанал мандатот на 26.04.2022 година, а согласно неговата изјава затоа што тој побарал да му биде продолжен мандатот согласно ЗРО, а Судскиот совет наместо да му го продолжи мандатотедна година, му го продолжил за повеќе од една година. ...... „ Јас незнам кој член бил, но тоа е примена на закон и во конкретниот случај за да се примени законот сега мора да се утврди дека му престанал мандатот на 26.04.2022 година. Управниот суд не вели ништо друго, Управниот суд вели применете го законот“......

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** постави прашање: Дали е конечна одлуката на Управниот суд“?

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** во одговор истакна дека не е бидејќи е дозволена жалба....... „не сме примиле одлука по жалба .....сепак не е дозволена жалба конечна е одлуката“....

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** истакна дека ,овој случај е многу пораличен од сите досегашни случаи. Прво смета дека во овој случај нестанува збор за никакви стекнати права со оглед на фактот дека на колегата Зоран Теофиловски му престанал мандатот на 30.06. 2022 година со одлука на Судскиот совет, наместо на 26.04.2022 година. Меѓутоа во продолжение истакна дека мандатот и неможел да му престане на 26.04. со оглед на фактот дека измените на Законот за работни односи се доенсени подоцна, односно во јуни месец и Советот неможел да знае дека некој закон ќе се измени, па на некого да не му го продолжи мандатот согласно со важечките прописи. Дополни дека како и да е Судски совет во 2021 година кога одлучувал по барањето за продолжување на мандатот член на Судски совет на Зоран Теофиловски согласно со неговата изјава во која тој изјавил дека мандатот член на Судски совет го црпи од судиската функција која по редот на нештата му престанува на 26.04.2022 година, па бара согласно тогаш важечките законска регуластива продолжување на мандатот, смета дека Судскиот совет тука направил погрешен потег и донел решение за продолжување на мандатот на Зоран Теофиловски наместо за една година, за година и кусур што немал право да направи. Меѓутоа со решението на Судскиот совет бр.02-1195/10 од 01.07.2022 година кое што е донесено, а кое е предмет на оваа пресуда, со кое се става вон сила решението од 2021 година тоа решение е поништено. Освен што решението е поништено и предметот вратен на повторно одлучување пред Судскиот совет друго не е дадено во судската изрека Во продолжение ч**ленот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** наведе дека во образложението на решението стои следното....... „судот најде дека при донесување на решението се сторени повреди на правилата на постапката предвидени во глава XIV од ЗОУП кога го ставил вон сила решениео од 2021 година. Зошто?..... затоа што одредбите на ЗОУП не познаваат таква терминологија - „вон сила“. Смета дека има три начини како тоа решение да се стави вон сила и истите се дадени во глава XIV од ЗОУП, па сега според мислењето на ч**ленот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** Судскиот совет треба тоа решение да го огласи за ништовно или да го корегира,.........„како сакате и што може да се направи друго освен да се констатира дека согласно измените на Ззаконотза работни односи мандатот му престанал на 30.06.2022 година“...... Дополни дека смета дека во овој случај, овој пат Судскиот совет треба така за постапи.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека во се се согласува си исказот на **членот на Советот Тања Чачарова Илиевска**

освен во делот да се констатира престанок со датумот кој го посочила – 30.06.2022 година. Смета дека ако така се постапи Советот сепак признава дека е стекнато право од незаконски донесена одлука, а законот не признава стекнати права кои се стекнати на незаконит начин. Тоа значи дека на Зоран Теофиловски неможе да му престане судиската функција на 30.06.0222 година затоа што и законот... „кога, продолжувањето би било така како што треба, а не обратно две години по закон дава една година“...... нему ќе му истече мандатот на 26.04.2022 година. Во продлжение истекна дека бидејќи се согласува дека „вон сила“ не постои како терминологија која законот ја дозволува решението треба да се огласи за ништовно, но датумот да биде 26.04.2022 година. Дополни дека ако се стави датум 30.06.2022 година пак Советот, согласно со Законот за работните односи прави погрешна процена. Ова од причини што кога Судскиот совет одлучувал за редовно продолжување на работниот однос врз основа на барање кое е дадено во законски предвиден рок немал право да му даде продолжување на работниот однос за 2 години затоа што законот такво право дозволува за една година и тука е разликата . Во таа насока ч**ленот на Советот м-р Ивица Николовски** постави прашање: „Врз која основа сега Судскиот совет ќе му даде од 6-ти месец 2022 година “..... ако сме одлучувале тогаш и добро сме пресметале Светот немал право да му даде 2 години бидејќи законот вика дека може да се продолжи една година. Ако продолжел една година тогаш рокот би бил 26.04.2022 година, а овде зборуваме до 30.06 2022 годинс по сила на закон, а тогаш никој незнаел каков закон ќе се донесе.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека за неа нема никаква разлика за овој колега и неговиот мандат од останатите колеги за кои Советот претходно расправал и донел одлуки. Во таа насока дополни дека не се согласува со дискусиите на колегите дека мандатот требало да му престане кога тој наполнил 64 години, во април месец, дополнувајќи дека **членот на Советот Тања Чачарова Илиевска** многу добро објаснила и дека се согласува со нејзиниот став, дека во тој момент Советот не бил видовит и никој незнаел дека Законот за работните односи ќе се донесе, со каква содржина и со какви рокови. Во продолжение ч**ленот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека останува на својот став дека за стекнати права може да се зборува заклучно со 30.06.2022 година кога согласно со измените на Законот за работните односи, кога на сите колеги судии кои што исполнуваат услови им престанал мандатот, со тоа што и на колегите кои претходно наполниле 64 година, а Судски совет им го продолжил мандатот согласно со законските одредби, по нивните барања но „dead line’ е оваа дата. Смета дека нема никаква основа мандатот на Зоран Теофиловски да бидепрекинат во април месец, посебно ако се погледне дека на 15.06.2021 година е донесено решение на Судски совет со кое му се

продолжува мандатот до 26.04.2023 година. Истакна дека ја разбира дискусијата на колегите, но не се согласува, дополнувајќи дека во тој момент кога тој ги наполнил годините на возраст немало Закон за работни односи и тој ја извршувал функцијата член на Судски совет избран од редот на судиите. Оттука за неа, за овој колега како и за останатите нема дилема дека треба да се поништи одлуката и дека Судскиот совет не погрешил и за сите треба така за остане. Смета дека стекнатите права може да се сметаат само заклучно со датумот кога престанал мандатот, на идентичен начин како што Советот одлучил за другите колеги судии. Во продлжение ч**ленот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека ќе се надоврзе и за другите колеги истакнувајќи дека Судски совет има одлучувано можеби и на преупранети барања од колеги за што реагирал **членот на Советот м-р Селим Адеми,** истакнувајќи дека од тие причини се повикува на него, дека можеби Советот избрзувал со донесување на нови решенија за продолжување на мандатот иако сеуште имало време кај тие судии да истечат претходните решенија со кои им е продолжен мандатот. Дополни дека претпоставува дека во тој правец ќе дискутира и колегата Селим Адеми ,и дека не се работисамо за Зоран Теофиловдки, туку дека се работи за многу други колеги, а стриучната служба тоа може да го провери кај колку други колеги Советот на тој начин го продолжил мандатот

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** побара да се разграничи една работа....Судскиот совет направил грешка кога му го продолжил мандатот на Зоран Теофиловски повеќе од една година бидејќи согласно законот за работни односи кој важел во тој момент можел да продолжи само една година и тоа е првата грешка. Смета дека втората грешка е бaправена кога Советот го ставил вон сила решението, а неможжел да го стави вон сила, туку морал дапостапи согласно со главата XIV од ЗОУП и да го поништи или даго укине.... „таму има начини“. Во продолжение ч**ленот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека зборува за примена на закон и дека грешка неможе да се покрие со грешка. .... „Сега се вели ама нас сега ни е предмет само тоа решение, не за да се примени целосно законот Советот треба и ова решение да го смени и затоа за Зоран Теофиловски треба да се утврди дека му престанал мандатот на 26.04.2022 година затоа што колеги тоа е примена на закон“....... Во продлжение ч**ленот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека може да се дискутира деека за сите е датумот 30.06 и знам дека ќе ме надгласате и ќе изгласате дека за сите судии набдатот престанал на 30.06, но дека  зборува за примена на закон и останува на својата дискусија која воопшѕо не е различна од другите . Дополни дека тврди дека на тие судии на кои што им бил продолжен за година дена во рамките на законот, дека имале стекнато право и тоа ќе го тврди до крај, затоа што тоа е така. За овој случај  повтори дека еднаш е повреден законот поради што колегата Селим

Адеми сосема оправдано тогаш реагирал кога Советот ги продолжувал мандатите за повеќе пд една година . По однос на одлуката на Управниот суд истакна дека е јасна, и дека е јасно кое решение е тангирано со таа одлука, ама кажува како треба да сепримени законот повторно нагласувајќи дека грешка не се покрива со грешка, туку грешка се исправа, а инаку човечки е да се згреши и да се толкува различно. Согласно наведеното истакна дека смета дека треба да се стаави на гласање бидејќи има предлог, дали 30.06, како и дека тврди дека треба да се констатира дека мандатот ба Зоран Теофиловски му престанал на 26.04.2022 година, а на 30.06. кога Советот го донел решението секако му престанува, но дека зборува за примена на Закон и нема да отстапи од своето убедување бидејќи во овој момент со дискусиите..... „„ама ние така одлучивме, така решивме, не ме убедувате, кога ќе ме убедите ќе дискутирам поинаку, а сега нека се стави на гласање“......

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека бидејќи неколку пати било нагласено дека се зборува за примена на закон, не значи дека ако членовите на Советот имаа различни ставови дека .....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека вакви дискусии се непотребни дека секој има свое мислење и во таа насока замоли да не се предупресудаат колегите и да не се реплицира на член на Совет кој се произнел и го изразил ставот.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека по однос на одлуките кои се донесуваат во Судскиот совет секој член кога гласа смета дека одлуката е законита и дека тоа не значи дека некоја одлука неможе да сепреиначи бидејќи се поднесуваат и приговори и тужби. Истакна дека нема да се фали кога била оваа ситуација актуелна и не мисли дека останатите членови на Советот направиле грешка, туку дека така размислувало мнозинството, иако укажувал дека решенијата се преуранети и гласал против без оглед што станувало збор за наши колеги. Дополни дека сепак мнозинството сметало дека тоа е праведна одлука која ја почитував. Во продолжение уште еднаш го постави истото прашање, укажувајќи при тоа дека Советот веќе влегол во расправа: „Дали оваа пресуда е конечна и дали Советот може да расправа заоваа пресуда“? Побара уште еднаш да му се одговори дали пресудата која секој ја има пред себе во моментот, е конечна или не е конечна, односон дали по автоматизам Зоран Теофиловски е нов член на Судскиот совет.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** одговори со негативен одговор обраќајќи се со зборовите ...„и Вие го знаете одговорот“ .

Во продолжение **членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека знае многу одговори, но дека по однос на овој случај се зборува дека е грешка, запрашувајќи се дали Советот има влезено во длабочинска анализа, па да се утврди дали судиите погрешиле, бидејќи е само кажано .... „судиите така кажаа“, а кога се знае дека Управниот суд еднаш одлучил поинаку по упатства од Виш управен суд.. Дополни дека според негови информации..... „незнам дали е точно“.... дека после повторното одлучување, дали некој направил анализа дали Управниот суд одлучил правилно.. Смета дека сега Советот почитува судска одлука зошто за одлуките нема коментар, во таа насока повторно постави прашање: „Ако одлуката е конечна зошто сега се расправа по истата“?, дополнувајќу дека доколку одлуката е конечна треба да се почитува и да не се коментира, ако не е конечна тогаш е слободен да коментира и да даде свое мислење.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** истакна дека само ќе му одговори на колегата Селим Адеми. Во таа насока истакна дека предмет на дискусијае со кој датум да му престане мандатот член на Судски совет на Зиран Теофиловски, дали со 30.06.2022 година или со 26.04.2022 година. Дополнувајќи дека не се дискутира одлуката на Управниот суд, туку само она што е дадено како насока од страна на Управниот суд во однос на донесувањето на одлуката на Советот....... „тоа се дискутира“.......

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека нејзиниот став е малку поразличен, но имајќи во предвид дека мнозинството ги носи одлуките во овој момент доколку е исцрпена расправата ќе го стави на гласање предлогот за кој и во изминатите случаи мнозинството одлучило така, па во зависност од исходот ќе се види понатаму ......

Во таа насока**Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи да се донесе решение со кое решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-690/2 од 15.06.2021 година се огласува за ништовно и на Зоран Теофиловски, судија на Апелациониот суд Гостивар му престанува судиската функција заклучно со 30.06.2022 година поради исполнување на услови за старосна пензија.

.Процедурално за збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева.** Во контекст на излагањата на **членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека сега гледа во материјалите што ги има дека на пресудата нема ниту печат на правосилност, ниту на извршност.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** во одговор истакна ....„ „но нема право на жалба“.....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека Советот не е истражен орган и ако нешто било незаконито може во соодветна постапка., обраќајќи се кон членот на Советот Лорета Горгиева со зборовите ....... „а Вие колешке ако се сомневате иниоцирајте постапка“......

**Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми** истакна дека треба само да седонесе решение со кое што ќе се констатира дали ќе се прифати или нема да сеприфати мандатот, бидејќи веќе решението е поништено и немашто Судскиот совет да донесе одлука. Во таа насока истакна дека се носи решение затоа што се работи за судиската функција и му престанува, но бидејќи е поништено решението значи како да не е донесено поради што смета дека Судскиот совет неможе уште еднаш да донесе одлука со која ќе констатира ништовност. .... „Зошто уште еднаш ништовност“?, дополнувајќи дека сега треба само да се констатира и да се прифати како што мнозинството ќе одлучи за престанок на мандатот, односно да се донесе решение со кое што ќе се констатира престанок на мандатот или ќе му се продолжи, тоа Советот ќе одлучи.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** укажа дека Управниот суд дава насоки Судскиот совет да ги примени одредбите од глава XIV од ЗОУП.

**Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми** истакна дека ја почитува одлуката на Судскиот совет, но нема да ја коментира, но кога се поништува неможе повторно да се стави ....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** побра тука да се прекине со дискусијата. Бидејќи има различни ставови предложи ова прашање да се разгледува како правно прашање на работен состанок укажувајќи при тоа зошто е потребно и важно присуството на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека сите треба да се почитуваат дека е факт дека има поделени мислења и дека има решение од 01.07.2022 година кое е поништено и има решение од 15.06.2021 година кое е во сила. Од тие причини истакна дека смета дека за да се постапи по пресудата на Управниот суд Советот треба да види што ќе се прави со ова решение. Во таа насока предложи да се остави ова прашање, уште еднаш да се продискутира и да се види каква ќе биде формулацијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** побра во интерес на времето тука да се прекине. Допони дека иако кај неа имало добра волја на гласање да го стави предлогот кој веќе е поминат од мнозинството, но поради тоа што се јавиле дилеми оваа точка се повлекува од дневниот ред со согласност од сите членови и ќе се разгледува на работниот состанок во понеделник во 10 часот. Ова од причина што Советот е врзан со рокови и нетреба се она што е повлечено да остане и да не заврши, а потоа може и дополнение за наредната седница.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека следува пауза од половина час.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** побара за наредната седница да биде обезбедена одлуката на Управниот суд со печат на правосилност и извршност.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека неможе да се обезбедат печати на праводилност и извршост бидејќи тие се добиваат доколку Советот во рок од 30 дена не постапи. Дополни дека не сака да остане недоречена дека Советот постапува по нешто по кое неможе да постапува, дополнувајќи дека одлуката на Управниот суд е донесена и во интерес и на законот и на овој судски совет е .....

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека согласно чл.39 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ, јавноста е исклучена за наредните две точки од дневниот ред што значи дека Советот мора да донесе формална одлука врз основа на цитираната законска одредба, но точката под „Разно" останува отворена за јавноста

**Претседателот на Советот Весна Дамева** на гласањего стави предлоготда се исклучи јавноста за 8-та и 9-та точка од Дневниотред.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" е донесена одлука за исклучување на јавноста од 8-та и 9-та точка од Дневниот ред,

**Претседателот на Советот Весна Дамева** укажа дека следува пауза од ½ час и дека седницата ќе продолжи во 13.30 часот. Дополни дека во 13 часот има седница на Судско буџетски совет, па доколку неможе да стигне раководењето на седницата ќе го превземе **заменик претседателот на Судскиот совет Ханиф Зендели.**

По завршување на паузата седницата на Судскиот совет на РСМ продолжи во 13,47 часот.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** констатира дека на продолжението на седницата не е присутен **претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми.**

Во продолжение**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека седницата ќе продолжи со разгледување на 8-та точка од Дневниот ред – „Одлучување по известувања за утврдена фактичка состојба“

**Точка 8**
**Одлучување по известувања за утврдена фактичка состојба;**

**Точка 9**

**Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд**

**Точка 10**
**Разно**

По однос на 10-та точка од Дневниот ред **Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** информираше дека од страна на Советот донесени се одлуки со кои се формирани комисии за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд и тоа една комисија за избор на шест судии во Врховен суд на Република Северна Македонија во која претседател на комисијата е Весна Дамева, и другата комисија за избор на двајца судии на Апелационен суд Гостивар, во која член на комисијата Весна Дамева. Поради наведеното, а имајќи го предвид фактот дека членот на комисиите Весна Дамева сега ја извршува функцијата претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија, **Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** предложи да се извршат измени во составот на комисиите на начин што на местото на Весна Дамева ќе се изберат други членови на Советот од редот на членовите избрани од Собранието на Република Северна Македонија.

Во таа насока **Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** наведе дека ќе се пристапи кон ждребање за промена на составот на првата комисија за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд по оглас за избор на шест судии на Врховен суд на Република

Северна Македонија . Истакна дека се обезбедени ливчиња ставени во коверти, па во соодветна кутија и по редослед секој од членовите на Советот избрани од редот на Собранието на Република Северна Македонија извлекува коверт.

По извлекување на ливчињата, секој член на Советот избран од редот на Собранието на Република Северна Македонија се изјасни какво ливче извлекол, односно дали е член на комисијата или не.

Согласно спроведеното извлекување на ливчињата по пат на ждрепка, **Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели,** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

**СЕ ВРШИ ИЗМЕНА** на Одлука за формирана Комисија за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд по оглас за избор на шест судии на Врховен суд на Република Северна Македонија, бр.09- 2470/3 од 15.12.2023 година, така што:

Во став 1 алинеја 1 од одлуката, наместо „Весна Дамева- претседател на комисијата, да стои: „Павлина Црвенковска“ претседател на комисијата.

Во останатиот дел одлуката останува неизменета.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** во продолжение истакна дека ќе се пристапува кон ждребање по однос на промена на составот на втората комисија за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд по оглас за избор на двајца судии на АС Гостивар. Истакна дека се обезбедени ливчиња ставени во коверти, па во соодветна кутија и по редослед секој од членовите на Советот избрани од редот на Собранието на Република Северна Македонија извлекува коверт.

По извлекување на ливчињата, секој член на Советот избран од редот на Собранието на Република Северна Македонија се изјасни какво ливче извлекол, односно дали е член на комисијата или не. Согласно спроведеното извлекување на ливчињата по пат на ждрепка, **Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели,** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

**СЕ ВРШИ ИЗМЕНА** на Одлука за формирана комисија за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд по оглас за избор на двајца судии на Апелационен суд Гостивар, бр. 09- 2473/3 од 15.12.2023 година, така што:

Во став 1 алинеја 3 од одлуката, наместо „Весна Дамева- член на комисијата, да стои: м-р Селим Адеми член на комисијата.

Во останатиот дел одлуката останува неизменета.

Со оглед да никој од члновите на Советот повеќе не се јави за збор **Заменик** п**ретседателот на Советот Ханиф Зендели** констатира дека Дневниот ред е исцрпен во целост и дека седницата е завршена во 15,10 часот,

Тонскиот запис и листингот од гласање се составен дел од овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТНА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

**Изработил:**
Емилија Николиќ - д**ржавен советник:**
Весна Толева **– ВД генерален секретар:**